СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Деветтото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 септември 1993 година

Скопје, септември 1993 година

**ДЕВЕТТО (9) ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 60-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 14.09.1993 година**

Дискутанти:

1. АНДОНОВ СТОЈАН - 1
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 18, 21
3. АБДИ ФАИК – 50, 51, 53, 58, 61
4. АНДОНОВ ЈОВАН – 66 (потпретседател на влада)
5. ГОШЕВ ПЕТАР - 31
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР – 3, 16
7. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР - 23
8. ЃОРЃЕСКИ ДУШКО – 79, 82
9. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ – 40, 53
10. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ – 87, 90
11. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 22
12. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН – 4, 8, 14, 61
13. МУРАТИ ЏЕЛАДИН – 40 (води седница)
14. ПРЕВАЛА ЧАБАН - 62
15. ПЕТРОВ ТОДОР - 47
16. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 29
17. СПИРОВСКИ АЦО – 33
18. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 38, 56, 59, 60
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 71, 72, 75, 76, 78, 85
20. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР – 34, 35, 38
21. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ – 49

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од деветтото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 14.09.1993 година

Седницата започна во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа..

Пратениците Симеон Ивановски и Петре Трајановски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваа на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и Собранието може полномошно да одлучува.

Пред да минеме на расправа, дозволете ми да Ве информирам дека во нашите редови овде се врати и пратеникот Ристо Стаменов и да го поздравам во Ваше име.(Аплауз)

Продолжуваме со работа по **21-та точка**.

Ве известувам дека Комисијата за земјоделство и шумарство денес одржа седница и ги разгледа предлозите за дополнување на Предлогот на заклучокот по Информацијата за штетите од сушата во земјоделството во 1993 година, поднесени од пратениците Тодор Петров, Драги Арсов, Славјанка Стојанова, Ванчо Златанов, Ванчо Младенов, Јордан Зафиров, Иван Иванов, Трајан Мицевски, Ташко Киров и Хисни Шакири, и на Собранието му предлага да го усвои следниот заклучок:

Извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија заедно со Предлог заклучокот на Комисијата за земјоделство и шумарство, предлозите за изменување и дополнување на Предлог заклучокот од Комисијата поднесени од пратениците Тодор, Петров, Драги Арсов, Славјанка Стојанова, Ванчо Златанов, Ванчо Младенов,Јордан Зафиров, Иван Иванов, Трајан Мицевски, Ташко Киров и Хисни Шакири, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достават до Владата на Република Македонија, Министерството за шумарство и водостопанство и Министерството за финансии, заради нивно остварување, согласно со надлежностите утврдени со Уставот и законите, при што се препорачува Владата на Република Македонија месечно да го известува Собранието за динамиката и резултатите од преземените активности.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака? (мнозинството пратеници).

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го усвои овој заклучок.

Минуваме на **точката 22** - Информација за настаните и состојбите во РЕК "Битола", предизвикани од штрајкот и хаваријата.

Информацијата Ви е поделена.

Исто така Ви е доставена и Информацијата од 22 пратеници, Извештајот и дописот на Комисијата за стопанство, како и Предлогот на заклучокот поднесен од пратеникот Трајан Мицевски, кои Ви се поделени.

I/3.-

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Господинот Голубовски бара процедурално.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Барав јас веднаш, уште пред да се помине на наредната точка, но не ме забележавте господине претседателе. премногу брзо се помина во врска со усвојувањето на заклучоците, практично не беше дозволена можноста да се реагира од страна на пратениците. Прифаќајќи ја ситуацијата како завршена јас сакам да кажам зошто ќе гласам против, доколку воопшто сфатив дека ќе има гласање, заради тоа што сметам дека Собранието се најде во ситуација да се меша во надлежноста на работата на македонската Влада. Сметам дека и од Информацијата на Владата и од додатокот особено, токму е потенцирано тоа дека Владата не е спремна во моментот да предлага никакви конкретни решенија, дека бара време заради целосно заокружување и оттаму апсурдната и нелогична ситуација како може парламентот да расправа за Информација која што не е заокружена и при тоа да расправа по информација, а не по конкретни законски предлози, кој што вообичаено се очекуваат од Владата да ни бидат доставени овде на нас пратениците.

Затоа сметам дека точката која што помина како инфомрација е само една можност да се одвлече вниманието на јавноста од проблемите и Парламентот да се престави повторно како центар на исклучива одговорност на се она што се случува во Република Македонија и протестирам на начинот на кој што се составуваат дневните редови за расправа на овој Парламент и тоа го оценувам ако своевидна манипулација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас Ве молам, земајте збор додека тече расправата по точките. Се знае како се утврдува дневен ред.

Кој бара збор по 22-та точка.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници. Измина веќе доста време откога се бараше оваа точка да дојде на дневен ред, иако уште на почетокот на настаните баравме да дојде на дневен ред, но беше одложувана но сепак после месец ипол се поставува на дневен ред.

Јас би започнал со една ваква поговорка: "Селанецот сакајќи да ги заплаши глувците им рекол ќе го запалам на крајот стрништето, а наместо на крајот стрништето, ја изгорел и целата пченица и сите глувци останале живи".

Јас сакам да упатам неколку забелешки до Владата во однос на настанатите два штрајка . Битола има такво раководство, Општинско собрание, локална власт, пратеници и други органи, барам да дадат одговор зошто во Битола кога одат од Владата не само за РЕК и за други прашања, зошто не контактираат со пратениците од Битола, со локалната Влада, за настаните, но прошишај дојди, појди и врати се од таму. А додека во другите општини каде што е претседателот од СДС, на чело со претседателот од СДС на чело со локалната Влада, пратениците, на лице место секаде одат и ги гледаат работите. Овде значи во Битола нема потреба од таква работа. Од тоа констатирам сите настанати работи ги сносат тие што апсолутно не контактирале со локалната Влада, со пратениците. Ние сме 9 пратеници од Битола. Нека

се каже кој пратеник е повикан и консултиран и да учествува во разрешувањето на проблемите на градот Битола и воопшто не само на РЕК Битола. Ако не беше ова задоцнување на седницата со информацијата на аграрот, за настаните од сушата, така да ако во истиот ден на закажаната седница, расправаме за настаните во РЕК, иако помина месец ипол се дотогаш не беше доставена Информацијата, а Информацијата е доставена на тој ден ан клупите, така да една таква Информација не е доставена на пратениците пред пет шест дена од свикувањето на Собранието, за мене сето тоа е фрлање во аут на сета работа. Зошто при настанатата ситуација не бевме повикани и ние да учествуваме таму, ние никогаш не бевме вклучени, а се прашувам зошто по настанатата хаварија формираната Комисија која требаше да го испитува случајот од Техничкиот факултет на Битола и други стручни органи, зошто беа избркани од РЕК и јас ќе формирам комисија, Вие одете си од тука. Тоа се како прашања за одговор.

Штрајкот мене ми се чини го организираа оние кој се бореа за функциите на трите работни места. Неуспевајќи во тоа дојде до тоа. Штрајк не може да се организира само од работници, да трае толку долго, од кордон на полиција да немаат страв, а да не стои некој зад нив од високите органи. тоа нешто е припремено однапред, а потоа како да се префрли на другите работници.

Штрајкот почнува на 3.о7. со барање дека за зголемување на личните доходи во работната организација РЕК во рудникот и другите кои им се приклучуваат. Поради тоа што барањата не им беа исполнети продолжи штрајкот и на 7. Поради неточното информирање на јавноста и велење дека 200-300 души се организирани и тие го водат штрајкот, спречени тие да се организираат се одлучиле на марш од РЕК-Битола до Битола пред Собранието на општината Битола да им докажат дека

штрајкот е закажан за покачување на платите, а не некој како што велеше од политички немири.

Исто така штрајкот беше организиран и двата трите дена пред портата, пред влезот на РЕК-Битола, така да истите немаа пристап до објектите внатре и каде што и припадниците на полицијата немаа никакви сукоби, дури и се солидаризираа, се поздравуваа и немаше никакви претензии, меѓутоа не им беше дозволено да одат таму пред мостот и пред другите работи. Тоа се знае дека било чувано од голем број на припадници на нашата полиција. Каде што е донесено да сеповратат истите работници и истото не е постапено, затоа штрајкот продолжува и понатаму . На 8.о9. продолжува пред влезот на РЕК - Битола. Се уште нема со Владата одржано состанок иако неколку пати беше барано да присуствуваат . Дојдени се тука и измамени, а не се примени на разговор. Поради неприфаќањето на дијалогот Владата и Електростопанство штрајкот продолжува и на 12.о7. Тогаш доаѓа до компромис со Владата, потпишано коминиќе на кое е донесено Одлука да се вратат сите суспендирани работници, аза паричниот надомест на платите да се солидиризираат со можностите во комбинатот РЕК. Тоа било во вечерните часови и утрото си оди Комисијата која учествувала, и Синдикатот и штрајкувачкиот одбор со Владата заедно да ги известат дека работниците кои се суспендирани ќе се вратат, а за примањата нахнадно ќе се разговара за прашањето во рамкит ена можностите во комбинатот и со тоа да се стави штрајкот во мирување.

Враќајќи се тие наместо да се изненадат , се изненадуваат со една непријатна појава , каде што пред влезот на капијата се собрани се известуваат дека извршена е експлозија на косиот мост. После тоа во вечерното интервју на потпретседателот Јован Андонов, кој изјави на Телевизија дека ова не е ништо» се случувало многу пати, од

запрашување на лентата, пет шест пати дури бев јас таму се случило, сега може да е човечки фактор, не очистено и така дојде до пожар на ова. По среде бил човечки фактор што не е очистено. Во тој момент кој ш" докаже дека лентата работеше, дека таа е очистена, а работни-ите мируваа не работеа, штрајкуваа. Работниците беа надвор од капијата Не се внатре во кругот на ред. Ако така се правело, а пота што господинот пот претседател го изјавил дека од прашината се случило, јас го прашувам колку пати мостовите се запалувале од таква прашина. Иако можело од таа прашина која што таа била во мирување, тоа на прво место ќе зачади, а како може да се запали пред 500 полицајци и други работници, дали тие тоа не го видоа, па дојде да изгорат и столбовите, железото од една лента, гума која знаеме како се пали гумата споро и како оди и не може тоа да доведе до експлозија. Таа е долга, ако се запали, дури да дојде до тоа сите присутни луѓе со плунка може да ја угасат и да не дојдеше до таква хаварија. Ако тоа може и од каде знаеја одговорните да ја повикаат смената на која и заврши работното време, рано пак да се вратат на работа, дека ќе имало за чистење во круговите. чистеле што чистеле им велат ајде бегајте подалеку овде ќе има незгода и пожар. Од каде знаат тие дека в' има пожар, а после тоа веднаш да ги вратат за чистење. Илјадници луѓе можат таму да посведочат дека тоа не се запалило, дека наеднаш во три часот таму се чуло експлозија , односно две експлозии. Тоа може да се рече дека таа експлозија е чисто минирано затоа што како што реков некој што сакал да го запали стрништето глувците да ги исплаши и ја изгорел и пченицата, ова истото се случува.

II/1.- СЈ-ВБ

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**:(продолжение)

Ова сведочи дека тоа е наместено, однапред подготвено од добро, вешто, стручно обучени луѓе кој знаејќи ја каде е слабата точка на тој коси мост да се подготви и да се урне. Еве го другиот мост стои и на сите нас на одговорност ќе одиме да ја запалиме лентата, нека гори, дали ќе го урне мостот и ќе видиме каква ќе биде последицата после тоа, а не да се залажуваме со изгорување. Ако тој така беше направен и досегашните како што велеше потпретседателот, гореле, требаше досега којзнае колку мостови да беа изгорени во РЕК.

Во информацијата што е доставена јасно се гледа како се повикани, јас незнам пратениците дали ја прочитаа Информацијата што беше доставена дека до нивни ракописи, од нивни искази како биле викани и како дошло до експлозија. И, јас ви тврдам и сега има таму зачувано и разнесено парчиња со кои може да се докаже и да се донесе тука,ако се од горење тие ќе бидат исчадени, загорени, а не разнесени искинати и со се боја. Зашто во исто време не се формира она што пред малку реков Комисија да се установи на лице место од стручни лица, а не како што вели народната поговорка "ти палиш, ти гасиш". Треба друга странка да оцени, а не оној кој што го извршува.

Потоа се слушнаа повеќе верзии дека работниците, дека од политички побуди го растворија, дека е вмешана некоја политичка организација, а јас ви тврдам дека никој не е вмешан, никој не е појден таму, тоа е  чисто побуда на работниците овластени од правата што си ги бараат со закон за нивните права. Колку тие требаше да се остварат, да или не тоа е друго, а не треба да се велеше за политички права, затоа што ако нивните луѓе установеа дека ова е политички гест и дека е намештаљка од работници, тогаш тие ќе го фатеа, па особено ако се констатираше дека е од политичка партија, па особено ако е од ВМРО тие ќе го обесеа него на крстот на Саат кулата во Битола и ќе вика еве ги

овие како го поништија мостот, како политички го правеа. Меѓутоа, не најдоа таква работа и се влечкаше, се молчеше и затоа не се оди на стручно испитување на оние што го конструирале мостот на други заводи каде што се осигурени да дојдат тие да оценат како можел да се предизвика и како можеше да дојде до палење на тој мост од гумата. Ние сме палеле една гума, ќе ја палиме цел ден не можеме да ја запалиме, цел ноќ ќе чади, ќе гори и не може да предизвика ништо, а таа гума запалена при толку луѓе не може да се изгасне, тоа е сосема заведуваше на јавноста и на сите други дека еве овде божем може таква работа да се докаже.

Сите овие работи одат затоа што еднострančиво се гледаа работите, оној што пали тој оди да гаси.

Еве уште еден сомнеж како можеше тој кос мост веднаш да се создаде. Тој се направи побргу отколку што изгоре во време на траење. Тој кос мост како се створи наеднаш. Јас не сум архитект, но за да се конструира тој да се направи, потребно е да дојдеа стручни лица на лице место, да го направат планот, нацртот, тоа се што треба и потоа да оди да се порача. Тоа барем ќе одземеше два- три дена, а како можеше тоа веднаш да се донесе тоа уште неизгорен, што велат не експлодиран мостот, да се носат делови за монтирање, и како можеше да се носат тие делови веднаш. Во поздравниот говор се вели дека нашите конструктори, тука е направено нешто, а се носи со камиони, со белградска регистрација. Зошто, зар немавме ние тука камиони тие што го правеа со нивни или наши транспортни претпријатија да се превезува туку со белградска регистрација.

По настанатата таканаречена хаварија а јас велам минирање на мостот зошто се предлагаше да се увезува струја од Србија, а не од соседна Бугарија и Албанија каде што нудеа и поевтина цена.

Јас сметам дека тука друга е посреди работата, со тоа што дека некој се возеше дење ноќе со белградски регистрации па и денеска низ Скопје, тука и затоа можеби таму се одреди да се носи со тие или којзнае каде беа подготвувани или правени уште пред еден месец пред започнуваше на настаните во РЕК.

Наместо да се постапи по коминикето на Владата што го донесе за враќање на работниците и кои тие веднаш по хаваријата се понудија сите да работата да одат таму, беа избркани, суспендирани и укажувајќи дека во немање на работа, а носени се работници од друго место и без огласи примани а овие суспендирани со 80%, а тие носени таму. И за да во нехаваријата, пред штрајкот да биде уште поголема несреќата ги потценуваат сите работници таму со толку години успешно работење и со нивна работа тој РЕК стално работел и не треба да се чука таму само раководителот, ако работниците не ги исполнуваат своите работни задачи, тоа да е негова заслуга. Тие толку години успешно работеле, сега не можеа да работата и им донесоа работници од Осломеј, а овие да ги суспендираат, тие работејќи, а тие што направија таму. Незнаејќи зошто се донесени и незнаејќи што работат веднаш се солидарисаа со штрајкувачите, ги расипаа машините и тие само ги хранеа и тие таму неколку дена лежеа во РЕК "Битола". Наместо да се поправи нешто се влошуваше ситуацијата, Покрај тоа носени се и понатаму работници и до ден денеска, овие суспендирани, а каде што никакво право немаа да донесат и работничкиот совет со законот во време на штрајкување за суспендирање ниту пак да донесат каде што сведочи, еве јас еден извадок ќе прочитам дека не може таква работа да се прави во времето на ова.

"Одлука на работничкиот совет на јавното претпријатие донесе на 26.VI. за усвојување , окончување, на кој може да се организира привремен принуден одмор." Видете што е направено овде. Заведено е

во архивата на 18 јуни, видите внатре какви провокации со правени, проневери, а одучувано е на 26 јуни за суспендирање. Однапред заведувани работи дека и тоа што работнички совет не е овластен да суспендира во тоа време, тоа е овластен и може да го прави управниот одбор, и тоа управниот одбор е овластен со законот во времето да донесе програма во кои услови и на кој начин се успендираат работници. Дали се створени услови, дали се создава технолошки вишок или не, а на тие работни места носени се други работници.

Донесеното решение за привремено принуден одмор од страна на директорот на РЕК "Битола" е засновано на член 75 од општиот колективен договор, на член 7 5 се дава можност претпријатието дека ги утврдуваа условите, околностите и во кои случаи може да се организира привремен, принуден одмор. Одредбата од член 7 5 дава можност претпријатието да донесе правилник во кој правилник ќе биде утврдено под кои услови и во какви околности може претпријатието да се организира да дава принуден одмор.

Во членот 33 од Колективниот договор за гранката електро-енергетика дава можност врз основа на изготвена програма за надминување на потешкотитие во работењето на претпријатието да се организира привремен принуден одмор меѓутоа во програмата мора претходно да се утврдат основните околности за донесување одлука за привремен принуден одмор.

Од претходно искажаното јасно произлегува дека претпријатието нема постапено по член 75 од Општиот колективен договор и согласно член 33 од колективниот договор на гранката, надлежниот орган бил должен со општ акт да ги утврди правилник и условите и околностите кога може да се организира привремен принуден одмор. На основа

таквиот акт надлежниот орган е должен да донесе програма за надминување на потешкотиите во работењето со користење на привремениот принуден одмор. Во одлуката за постоењето на околностите под кои може да се организира привремен принуден одмор на страна 3 тврди критериуми под кои може работникот да биде на принуден одмор.

Сите дејности, одлуки кои се носени од страна на работничкиот совет очигледно е дека се донесувани во периодот од најавата на штрајкот во погонот РЕК Битола па се до завршување на штрајкот. Ваквите дејствија укажуваат на тоа дека надлежниот орган постапил спротивно на законот за штрајк и останатите прописи кои ја регулираат оваа област.

Во решението за привремен принуден одмор во точка 4 незаконски е ограничено правото на регрес за годишен одмор, кое право му следува на секој работник затекнат на работа во годината кога користи годишен одмор. Според тоа потребно е точката 4 од самото решение биде преформулирана во смисла на тоа правото за регрес на годишен одмор на работникот му припаѓа и утврдениот износ да му биде исплатен.

Во правната поука на решението е кажано дека приговорот е, ја задолжува извршувањето на решението. Согласно законските прописи, работникот има право на заштита на своите права со поднесување на приговор. Приговорот го запира извршувањето на решението се додека не се донесе конечна одлука по однос на донесениот приговор Според тоа донесеното решение за привремен принуден одмор не ќе може да биде реализирано се дотогаш додека не биде донесена второстепена одлука по однос на вложениот приговор. И спрема ова, според овие извадоци, правата на граѓаните на работниот народ произлегува дека овие ги суспендираа, ни приговор, ни жалба ни право, им викаат оди си ти ние ќе те викнеме кога ќе ни требаш.

II/6.-

Сметаме дека ваквата постапка не е ни хумана ни никаква но исполнување на една желба, докажување самоволие, власт во една рака и да ја покажам силата моја до каде може да достигне.

Исто така користени се суспендирани работници барајќи ги поснимената лента од јавните гласила и ако некој го видат таму во редовите треба да му се даде принуден отказ. Има луѓе, кој го носел знамето на Македонија, му е дадено отказно, принуден одмор. Ја се прашувам за да не му беше даден, чие знаеме тој работник требаше да го носи албанското, бугарското, грчкото, кое и што тоа не вреѓа нас ако некој работник излегол со знаме на Македонија да ги бара своите права. Што предизвикуваше тоа самоволие и да биде работникот суспендиран. Лесно е да се суспендираат, јас го прашувам организаторот таму, кој е тој што може да го суспендира тој работен народ а да носи од други општини, од други околии, а особено од околните села суспендирани каде што нивната земја е национализирана, експроприрана, одземена и со договор дека вие ќе бидете вработени и ќе имате предност при вработување во РЕК Битола, а се носат од други места, тие се бркаат, а таа земја им е одземена, можеби најмизерно платена, којзнае дали и мастика за џвакање по квадратен метар е дадена.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ** (продолжение)

Не може да заборават одговорните дека за преминот, погрешно правениот локацираниот пат низ Новаци, нека се спомнат колку жртви направија со носењето на опремата во Новаци. Ми се чини околу три четиринаесет жртви се дадени таму, се газени од ненавремено направени пешачките премини и др. каде што беа предвидени средства за прописно правење на каде со сите прописи меѓутоа дадени се парите на друго место и до денес не е направено. Сега е нешто направено, а сега ги газиме тие жртви и ги бркаме тие деца и се правиме ние херои а тие предавници на оваа земја, оние кои својот труд го вложувале таму со години и правиме непријатели сосила ги оттуѓуваме. Кого ќе го повикаме тука да ја брани оваа наша земја и да работи тука.

Зошто Владата не се огради о говорот одржан од генералниот директор на Електростопанство само пред Владата и неколку странски работници пуштајќи го - нашла баба секира зад врата, свечено ќе го пушта косиот мост и држејќи таму говор пред работници од други места а напаѓајќи го РЕК дека овие се неспособни дека се издатели, дека овие благодарејќи на помошта и другите се направила оваа работа, а овие 20 години што работеле не чинат и треба да напуштат и смеејќи им се. Јаз незнам зошто таков говор не се огради Владата или пак ќе треба да најдеме уште еден таков па да се расчистат тие работи.

Злоупотребувајќи ги таму се вели и со голема работна способност" тоа ми личи како од времето на болшевизмот. Планските работи, за планирање некоја работа, можело или не можело такво ќе биде и фалејќи ги таквите успеси и победи, а незаборавајќи дека истата Влада прокламира пазарно стопанство а оди на оние плански извршувани задачи.

III/2

Со зборовите "благодарени на досегашното суспендирано раководство тие постигнале голем успех, надминати биле тешкотиите во РЕК од тие три четворица суспендирани тогаш од целиот народ, тие вратените помогнале а овие сите одмогнале". Јас се прашувам кои се тие пет шест луѓе кои го створија тој комбинат таму а две три илјади луѓе што се запоставуваат таму како што се вели благодарение на способноста на вратените луѓе, благодарение на странските фирми ние го исправивме РЕК. Што исправија? Дојдоа со 10 лимузини, толку немаше работници таму и малку беше, мислејќи којзнае колкава е територијата на Македонија можеби не ја знае дојдоа и со хеликоптер да го поставуваат таму косиот мост. И лимузини и хеликоптери, место да заштедат нешто правеа огромно трошоци таму. Потребен беше хеликоптерот, тие не можеа да дојдат со лимузините таму што беа.

Покрај ова да не одолговлекувам, јас имав поднесено еден заклучок и сметав тоа да го предложам, дури а ко се прифатеа такви заклучоци немаше потреба да оди во дискусија.

Предлагам да се вратат сите суспендирани работници на своите работни места, да им се исплати надоместокот изгубен досега, да се формира стручна комисија од стручни експерти, наши и странски кои стручно знаат да ја испитаат положбата, да влезат во Комисија и осигурениците од странство и од тука, како и парламентарна мешовита група од сите партии и да се констатира од кои причини можеше да дојде хаваријата на косиот мост и без разлика кој тоа го предизвикал да се земат на одговорност ако се тоа работниците, работниците, ако се тоа функционерите, функционерите и да одговараат и еднаш да тргнеме по ред да се надоместува штетата направена на нивна сметка, а не со читање на пофални говори таму.

Исто така предлагам да се врати таму легитимното раководство за да се смират духовите таму а господинот Јован Андонов да си ја почитува поднесената оставка на неколку пати. Не треба ние да играме овде мижитатара, бегам од Владата, идам во Владата. Ако не успеам кај што ќе појдам ќе се вратам во Владата, ако успеам не се враќам . Еве таквите причини ја прават оваа работа. Ако си член на Влада ќе си бидиш член на Влада и какви тешкотии да има внатре ќе стоиш таму ќе пребродуваш а не бегам па после ќе се вратам. Значи овие работи не треба да се прават. Јас незнам како после толку месеци може да се врати во Владата без да се донесе некое друго решение на Парламент или на Влада дека потпретседникот што ја напушти Владата поднесе барање да се врати пак во Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да нема забуна околу овие последни наоди на господинот Мицески. Да се само потсетиме дека никаква оставка овде на Парламентот не му е презентирана.

Има збор господинот Владимир Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Знакот да се вовлече РЕК Битола во една од најкотраверзните артерии со политичко економски импликации, да ве потсетам господа пратеници е даден токму во овој Парламент во познатите дискусии кои можеше да се сведат како порака до работниците од РЕК Битола дека се малку платени и дека имаат право да бараат колку што сакаат, бидејќи работат успешно.

Видовме од една временска дистанца дека се работело за најгруба политичка манипулација со вработените во Термоелектраните РЕК Битола. Целта на таа манипулација пред се била во политичкото позиционирање на раководната структура и во остварување на лични кариеристички интереси. За таа работа не би требало можеби да се

дискутира овде во Парламентот доколку не ескалираше една загриженост заради јавно изразено сомневање дека покрај другото во оваа политичка афера како средство за реализирање на одредени цели е направена и огромна материјална штета и токму сомневањата се лоцирани на Македонската Влада дека излегла надвор од своите надлежности на вообичаено договарање со партнерите во такви случаи кога со законот се предвидени можностите вработените да штрајкуваат. Токму заради тоа што денес во расправата се искажуваат исти такви сомневања, сметам дека не може Македонскиот Парламент на оваа Влада да и нафрли една таква хипотека без да и даде можност таа да се брани. Но, бидејќи веќе со самата своја позиција ги имаат исцрпено сите други институционални можности останува единствено Македонскиот Парламент во обврска до формира анкетна комисија која ќе може единствено да го покрие тој институционален простор и да се утврди вистината, бидејќи две вистини не може да има. Ова уште повеќе заради тоа што голем број на граѓани пред се вработени во Битола комуницираат со политичките партии, меѓу другото и со партијата на која и припаѓа и се бара да се направат напори да се утврди вистината.

Би замолил заклучокот што усмено ќе го предложам да се прифати и да се земе предвид при изготвувањето на заклучоците, а тоа е да се формира анкетна комисија преставена од претставници на сите политички партии и тие својот извештај да го достават до овој Парламент по кој би можело дури тогаш да се одвива вистинска расправа, а би ги повикал пратениците да се воздржат од натамошна дискусија бидејќи на говорницата може да се искажуваат секакви тврдења за тоа не се сноси одговорност, а со тоа бидејќи се работи за прашање кое што регионално ствара антагонизам во односите на политиката и економијата во Македонија, би било добро да не се заострува пред да ни бидат познати вистинските факти во врска со сите настани околу РЕК Битола .

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Господа сето ова се случуваше во едно време кога ние сакавме да ја стабилизираме земјата и кога сакавме да се покажеме како луѓе кои навистина работиме умно и кога сакаме да добиеме и некаква помош од други држави за да му помогнеме на тоа стопанство.

Неколку време траеше штрајкот во Битола и тука беа вклучени повеќе фактори за да се разреши проблемот. Меѓутоа дали проблемот е решен целисходно и се задоволија барањата на работниците тоа не може да се каже, така.

Од излагањето на пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ господинот Мицевски се гледа дека прашањето не е решено. Видете каде лежи болката. Тука има три работи неразрешени.

Не сум стручњак за некои криминални работи, некои работи кои може да се случат во политички или незнам каква афера внатре, меѓутоа, што е така, така е., Многу од работниците кои штрајкуваа денес се без работа. Јас минатата недела разговарам со господинот Мицевски и тие заклучоци што ги даде се многу реални да се обистинат, затоа што му верувам на Мицевски, има уште работници кои штрајкувале и се без работа, тука е грев. Грев е затоа што тие работници не се виновни за хаваријата. Сметам дека да се вратат работниците на работа е да се исплати целиот надомест што го имаат изгубено до денес. Меѓутоа, дали е решено прашањето  со тоа што работниците ќе се вратат на работа и ќе се надомести нивниот личен доход?

Реперкусиите што ги трпи една држава, една млада држава како што е нашата сега во ваква економска положба што се наоѓа со такви хаварии, за нас тоа чини многу. Кај мене се побуди една мисла уште од првиот момент, ми се чини и прв тоа сук го рекол  со некој од колегите за

мостот. Тука тоа го потенцира и господинот Мицевски. Јас не сум ни некој инженер, ни архитект, не сум ништо, меѓутоа очигледно е дека за да се изгради еден мост и да се стави на место за неколку дена тоа е малку чудна работа. Тие денови јас гледав телевизија ги гледав во фабриката во Куманово се работеа некои мостови. Значи тука сега мене ме тера мислата по една работа, да се посомневам, како што кажа господинот Голубовски, нешто е врзано со политички, не афера да кажам, а како да го наречам незнам, дека се подготвуваше материјалот за мостот кој беше веќе срушен и во рекордно време мостот беше поставен. Требаше тоа да се направи до сега. Органите на прогонот требаше уште од првиот момент кога мостот се руши да излезат на лице место со анкетна комисија од ова Собрание и на лице место да се установи од што дојде до хаваријата, од што дојде до експлозија на мостот. Сега некој кажува дека мостот е скинат на две места, јас реков дека не сум стручњак, јас читав во весниците, гледав на терен. Некој вика ако мостот беше нестручно армиран тогаш требаше да настане поголема хаварија. Се деси тоа на две места мостот да се руши, да експлодира итн. Тие сомнителни работи до тоа дека и органите на увидот ми се чини дека нецелосно ја извршија работата, Но дали има крај на случајот. Штетата е направена. Нормално таа штета ја плаќаме сите ние, не ја плаќа еден човек, не ја плаќа само фабриката што е таму оштетена односно централата, ја плака нашиот народ. И тука да се направени тие материјали кои требаше да се постават на место, тие чинат пари.

Уште еднаш сакам да потврдам , без да навлегувам многу во ситуацијата во која се најде фабриката од политички, економски и незнам кои работи, има уште време да се формира една комисија, дури да се

III/7

доведат и стручњаци од странство за да се обистини работата. Така да кривицата, ако тоа било случајно не ја сноси никој ни од Владата ни од работниците, а ако пак има нешто за кое се говори тогаш тие штети треба да се надокнадат од виновникот што ги направил, Незнам колку тука придонесоа и синдикатите за смирување на работите, но што е тоа така е . Никогаш работникот не е виновен кога ќе бара нешто што го изработил. Никогаш работникот не е крив затоа што работи да изгради нешто.

IV/1.- ПЈ/ЉР

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (продолжение)

Одеднаш некој да дојде и да му се замеша во работите. Тој да му го одземе, да му скрати од она што го стварал или да го истера од работа. Многупати ние сме зборувале дека треба со тоа да се прекрати за да се ублажуваат болките на тие што градат. Ако е тоа така, и ако има уште работници без работа, ако се суспендирани и се внесени во некои картотеки некој од нив да одговара и тоа не е право. Затоа што времето ми се чини е надминато и помина товарот да го носи секогаш сиромавиот, секогаш тој не моќниот, секогаш болниот. Наместо да му помогнеме, да му одмогнеме, не.

Ќе ве молам ова Собрание кај денешните заклучоци да донесе она што бараше г-динот Мицевски да се вратат работниците на работа, да се ослободат од сите гонења да се оформи анкетната комшија со домашни стручњаци и од странство и објективно без расуди да се разреши проблемот на РЕК Битола, затоа што утре или другиден ќе се случи на некое друго место и нашата држава не само што ќе трпи економски порази, но ќе трпи и политички порази, кои не ќе бидат баш за нас тие добри. Целосно гледано работата не е решена.

Работата треба да се реши и да се заклучи случајот со РЕК Битола како што му доликува на ова Собрание. Такво решение да донесе и такви- такви заклучоци. Да се остават на мир работниците да работат, а тие што сакаат кариера, а тие што сакаат пари многу, оваа држава нема, нема такви можности многу. Некој да ти го земе ракавот добро, ама да ти го земе и палтото не чини. Тешко на тој народ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-Марковска.

IV/2.-

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, уште на почетокот ќе кажам дека сум во принцип против расправата на Собранието на Информација по било кој актуелен или неактуелен политички настан, од проста причина што ова Собрание има законодавна функција и исто така како таква треба да ја сочува. Тоа особено се однесува на информациите по повод штрајковите, кои што секојдневно се случуваат во нашата работа и таман работа ако Собранието се впушти во расправата за штрајковите, не знам до каде ќе догура. Меѓутоа, потписник сум оваа Информација д асе најде на дневен ред денес, од проста причина што истата требаше да ги информира пратениците, односно бидејќи овој настан доби пошироки политички димензии да се слушне и едната и другата страна, бидејќи веќе имавме информација добиено од Владата. Она што мислам што коинцидира и има некакви индиции од информациите кои што ги добивме и од Владата и од вработените внатре во РЕК Битола дека можеби постојат некакви причинско - последични врски во врска со штрајкот и направената хаварија. Затоа, мислам дека Собранието не би требало без полезно и без потребно да навлегува во една материјална расправа во која ќе ја гледа само едната или втората информација, туку мислам дека во прилог на збогатување ка ефикасноста на ова тело со оглед на пошироките политички димензии што овој настан ги доби е формирањето на повремената комисија од сите политички субјекти во овој Парламент, која што би имала рок на работа од еден месец, значи до 14 октомври, за да таа работа понатаму не остане само на ниво на комисија, која што би била овластена да побара експерти односно луѓе кои што би работеле стручно на случајот што и како е настанато таму и која што извештајот и го доставила на ова Собрание точно после рок од месец дена, за да можеме да видиме дали има виновници. Меѓутоа, не Собранието да се јави во улога на  некој кој што ќе дели правда, туку согледувајќи ги

фактите и аргументите да им овозможи на органите за прогон, доколку такви нешта има да продолжат да работат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

г-Георгиев:

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Информацијата што е доставена од страна на Владата во врска со состојбите и проблемите во РЕК Битола предизвикана со штрајкот хаваријата, практично, е доставена до Собранието по иницијатива на 9 пратеници односно 5 дена по настанатата хаварија, односно на 17 јули. Информацијата, како што и претходниот дискутант укажа има за дел да се разгледува пред Собранието само ако од неа можат да се извлечат одредени насоки на причините за настанатите штети како директни така и индиректни, бидејќи настаната е голема материјална штета некаде во првичните проценки околу 15 милиони германски марки и таквите причини да бидат основа за покренување на постапка за утврдување на одговорноста за субјектите што биле вклучени во делот на работите што се одвиваа во РЕК Битола, односно за настанатите штети после хаваријата.

Информацијата што е понудена од Владата, практично, овие цели што треба да ги има во основа не ги содржи. Таа едноставно, регистрира настани и нивната хронологија од 5 февруари кога е одржан првиот штрајк во РЕК Битола и заклучно со 13 јули кога е настаната хаваријата во РЕК Битола. Во Информацијата некако се изоставени настани кои што се вклучени во делот на настаните во РЕ1" Битола дали намерно дали

случајно, а тоа се измените и дополнувањата на Законот за претпријатијата кој што се разгледуваше во Собранието во месец април, некаде крајот на месец април и тоа во итна постапка, каде што се уредуваа уредувачките функции во Електростопанство, односно електростопанство, односно во јавните претпријатија и изменување и дополнување на Законот за енергетика, конкретно, само за претпријатијата од енергетиката се изменија условите за водењето на штрајк, за кој што закон веќе е покрената иницијатива за оценување на уставноста епилогот односно таа постапка не е завршена.

Укажав на овие моменти од причина што во Информацијата не се потенцирани, а се дел од вкупната состојба во РЕК Битола од 5 февруари, па заклучно до 13 јули.

Посебно би сакал да потенцирам дека во расправата што се водеше во врска со донесувањето и дополнување на Законот за енергетика на посебно поголем број на пратеници се укажа на смирување на состојбите во јавното претпријатие Електростопанство и избегнување на било каков реваншизам на оние што раководат према други што претходно беа сменети. Таму, прво, настана една смена на раководството во РЕК Битола предизвикано од одредени актери, полсе тоа дојде на општо изненадување до уште една смена внатре, така што веќе се создадоа услови да се прогласуваат во рамките на РЕК Битола на победници и победени. Како резултат на тоа, пров, 3 месеци има една нејасна состојба во системот на управување и раководење како ЕО јавното претпријатие Електростопанство, така и во РЕК Битола.

Како завршен епилог на сите тие настани е разрешувањето што после уследи со донесувањето на законите на ген. директор во РЕК Битола, а другиот актер потпретседателот на Владата г.динот Андонов како победник во сета оваа ршумандија на настани мудро се притаи и

целата работа ја следеше од позадина и е еден од најзаслужните после во рефератот на ген. директор за санирањето на хаваријата за брзата санација на хаваријата без трунка изрека на одговорност за настанатата штета од 15 милиони германски марки.

Сега да се вратам на Информацијата за која што претходно кажав има само хронологија на настаните, но на крајот во завршницата, во делот на причините, каде што во Информацијата се набележани има една директна врска со еден документ што е доставен и единствен документ до Министерството на внатрешни работи. Информацијата завршува со тоа што е констатирано дека на лице место не се утврдени конкретни елементи врз основа на кои егзактно може да се утврди причината за настанатиот пожар. Што значи дека не можат да се утврдат тие конкретни елементи. Причините за големите размери и последици на овој пожар се ненавремено интервенирање како последица на состојбите присутни во комбинатот во моментот на пожарот. А познато е дека работниците, поголемиот дел од работниците од Комбинатот на РЕК Битола се надвор од комбинатот, односно не се во просториите на комбинатот. Овие оценки ги поврзувам со единствениот документ од министерството за внатрешни работи, со Службата за јавна безбедност го доставува во вид на наод и мислење. Во тој документ непобитно се потврдуваат тие факти. Затоа што и Министерството утврдило дека лицата кој што во моментот на пожарот се нашле ка тоа место со еден или едно од лицата прв ден на работа во Комбинатот, иако се знае дека РЕК "Битола" е објект со висока технологија, кој што бара и стручен надзор и стручно ракување со опремата. Јас во непосредните разговори по овие настани со одредени субјекти што се во рамките на Електростопанство, разговарајќи констатирав дека има една присила за

промена на лицата со други субјекти од другите делови на Електростопанство, каде што е и пројавен еден отпор за една таква замена, поради тоа што само РЕК "Битола" и "Осломеј" се слични технолошки капацитети за производство на електрична енергија, а останатите делови на електростопанството се со сосема друга технологија односно хидроенергија произведуваат.

Од тука и еден отпор кај вработените директно да влезат во Комбинатот и да извршат замена на работниците кои што се наоѓаа во штрајк. Тоа го потврдува и наодот на МВР и јас го поврзувам со она што е констатирано во Информацијата дека во Комбинатот последици за состојбите во Комбинатот токму во моментот на пожарот тоа' што лицата се надвор од Комбинатот, а вработените кој што се ангажирани се нестручни лица.

Се поставува прашање како можело да се дојде до таков заклучок и до таква обврска да се ангажираат нестручни лица или градежни работници, така се овде набележани во наодот, за извршување на стручни работи и причината да се поврзува со недоволното односно ненавременото интервенирање. Тоа е основната причина за станување на хаваријата, без да се даде одговор што презедоа органите што беа присутни во Комбинатот. Посебно МВР, со бројка која што јас во оваа прилика не можам да јас кажам, но сигурно поголем број на ангажирани лица од Министерството за внатрешни работи. Што во моментот тие имаат преземено. Бидејќи се знае што презеле тие двајца работници кои што се затекнати.

Веднаш се поставува прашањето чија беше идејата да се заменат работниците на РЕК "Битола" со работници од другите делови на Електростопанство или од претпријатијата во Битола. Има по мене

повеќе отворени прашања што бараат стручни согледувања и бидат по мене основа за преземање на мерки што одат во насока за преземање на одговорноста од одредени субјекти, а пред се од лица кои што се одговорни политички и лица кои што се вклучени цело време во делот на настаните во РЕК "Битола".

Посебно би сакал да потенцирам дека формално уште од 5 февруари цело време се експлоатира со одредена причина за сите настани бидејќи Информацијата не е само хаваријата, туку вкупните состојби околу РЕК "Битола" со висината на личните доходи и потребата од нивно зголемување. Ако се следи Информацијата ќе се види дека тоа е само една од причините што сите ја вградувале како причина, а практично главната причина на негативните резултати од работењето во јавното претпријатие РЕК "Битола" секогаш во претходна фаза била закривана односно добрите физички показатели секогаш се пратени со негативни финансиски резултати. Со право вработените во РЕК "Битола" го поставувале во целиот период на настаните прашањето на негативните финансиски резултати во споредба со високите технички односно физички показатели што ги покажувале во работењето.

На крајот, после извршената смена, после сите настани да се прифати една констатација што цело време е присутна дека цената на ел.енергија не е соодветна и трошоците на правени за добивање на ел. енеогија не е соодветна и дека основната причина за финансиските резултати е цената што во еден нов период што во услови на победници и брзо се прави со одлука на Владата, односно се коригира цената, заради смирување на состојбата и обезбедување на услови за зголемување на личните доходи кој што на одреден начин беа како основна причина.

IV/8.-

На крајот само да укажам на тоа еден од пратениците предложи заклучоци за кои што сметам дека се идентични со заклучоците што Комисијата за стопанство ги предложи во делот на тоа што од Информацијата не можат да се извлечат конкретни или доволно елементи за утврдување на причините за настанување на директните и индиректните штети во РЕК "Битола", Комисијата за стопанство предложи да се формира времено работно тело со задача да ја заврши целата оваа постапка на утврдување на состојбите и да изготви извештај и да му предложи на Собранието на РМ конкретни мерки.

На крајот би изразил и еден протест до средствата за јавно информирање, бидејќи непобитно го утврдивме тоа после седницата на Комисијата за стопанство, поради тоа што Комисијата за стопанство на мое изненадување работеше без присуство на органите,

односно без присуство на претставници од печатот и кога јас поставив прашање зошто немаше присутни на Комисијата за стопанство од средствата за јавно информирање, ми беше речено дека некој од Службата за информирање од Собранието им кажал дека Комисијата за стопанство има затворена седница.

На крајот се потврди само во еден дел дека е точно, дека еден од новинарите добил таква информација од вработените во Собранието за информирање. Тоа е едно, за мене големо изненадување што може некој во рамките ка Собранието сам да се согласува затворена седница, а со единствена цел, најверојатно, да се скрати и можноста за поголемо информирање на јавноста во делот на она што беше и расправано во Комисијата за стопанство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Наум Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Точката и расправата која се води денеска се очекува со голем интерес од граѓаните на Битола и пошироко. Сето тоа е поткрепено од учеството на голем број вработени кои директно се вклучени во сите овие настани.

Дел од досегашните информации кои кружеа и кружат во информативниот етер, како и големата грижа за самата штета што е причинета од самиот штрајк и хаваријата што директно ја чувствуваат сите вработени во РЕК а е со бројка од некаде околу 2800 вработени, индиректно вработени кои работат со тој систем а се со бројка од 600-800, како и сите оние кои малку учествуваат во заокружување на процесот на производство на енергија во цела Република.

Зачудува инертноста по званичното барање од група пратеници за изготвување една информација за настаните во РЕК Битола. За неблаговремено презентирање на сите настани од 2.02.1993 година кога е извршена првата посета на претседателот и потпретседателот на Владата во РЕК а без присуство на ресорниот министер и директорот на Електростопанството, па се до последните настани со хаваријата на косиот мост. Граѓаните, нашите избирачи тоа го бараат и го очекуваат.

Следува едно ново барање со информација за настаните од поголема група пратеници кои на овој начин, со податоци дадени од дел вработени во РЕК како и хронологија на преписките помеѓу штрајкувачкиот одбор и државните органи настапија пред ова собрание.

Како одговор на овие две барања следува информацијата, официјалната информација од Владата. Како званичен материјал за разгледување ги имаме пред нас овие две информации.

Анализирајќи ги истите очигледно е дека во истите се среќаваат повеќе празни на кои не се дадени одговори. Треба точно да се знае кои се биле правата на министерот за стопанство како и претставник на

Владата по оваа точка, кои се ингеренциите на останатите членови на Владата што директно имаат земено учество во разрешувањето на проблемите. Секако, тука е и директорот на електростопанстовто на Македонија.

Тука посебно треба да се каже и да се потсетат и другите ресорни министерства да го искажат својот ангажман, пред за време на штрајкот, како и после случувањето на хаваријата. Исто така, треба да се истакне неинформираноста од страна на правосудните органи кои не доставиле официјален извештај до каде е целокупната постапка со овој предмет од фаза на истрага, вештачење до покренување одредени обвинувања. ј

Потоа, вреднување на цената на чинењето на целата хаварија која е призната од ЗОИЛ Македонија, а се надевам и исплатена, има информација дека е дел исплатена и дали ваквата калкулација презентирана пред пратениците, а се содржи во информацијата од Владата,од големина на еден лист хартија не е за дискусија и е во согласност со позитивните законски прописи по кои работи ЗОИЛ Македонија и останатите стопански субјекти во Македонија.

Како противрамнотежа на сите овие точки се искажувањата на вработените од РЕК што ги имаме презентирани во информацијата од група пратеници. Сите овие прашања се со таква тежина, поткрепена од, морам да кажам повеќето граѓани на Битола и пошироко, чии сме ние претставници во ова законодавно тело.

Моментално, единствено решение е да се поддржат заклучоците на Комисијата за стопанство што предвидуваат формирање на една анкетна комисија која студиозно ќе пристапи во идентификување на сите непознати елементи и во овој случај. Истата ќе презентира извештај на највисоко професионално извршена работа од сите субјекти што се тангираат во расветлувањето на овој случај.

V/3.-

На крај морам да истакнам и после случувањето на хаваријата, ангажманот на сите оние што беа ангажирани во расчистувањето на самата хаварија и повторното издигнување и активирање на РЕК и неговото вклучуваше во енергетскиот систем на РМ. Навистина тоа беше ангажман за секој почит. Но, морам да кажам колку е тој ангажман оправдан, секако дека го поремети и самиот тек на предвидени ременти на сите три блока во РЕК што мораа да се обноват во една скратена форма и скратена фаза за што се плашам во предвечерјето на зимата што не очекува кога РЕК треба да работи со полна working pareа да не дојде до некои несакани ефекти што индиректно, повторно ќе предизвикаат штета и во самиот систем на електростопанството така и во целото стопанство на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, сосем кратко за овој проблем е зборувано повеќе. Јас само неколку констатации и еден заклучок кој е повеќе согласност со нешто што веќе беше предложено овде.

Имаме ситуација во која е направена штета, според проценки во информацијата од некаде 15 милиони марки, директна и индиректна и таа штета повикува на утврдување на прецизна одговорност во врска со тоа што се случи, заради тоа што тие пари не се од никаде, туку се повторно од населението, од граѓаните на РМ. Таков долг има Собранието кон граѓаните на РМ што ја плаќаа таа штета.

Сега имаме таква ситуација, имаме едно тврдење на официјалните претставници на власта низ информацијата што ја дава Владата и низ мислење на една Комисија кое е такво какво што е дадено.

Второ, имаме тврдење на штрајкувачкиот одбор на синдикатот кој стои зад штрајкувачите, оправдано - неоправдано -штрајкување тоа е

посебна тема. За штрајковите се бара прецизно законодавство во согласност со синдикалните права на работниците што се придобивка во сите европски цивилизирани земји. Но, ние немаме прецизно законодавство и прецизна синдикална практика во врска со тоа. Но, тоа е посебна тема. Сега се работи за настанатата штета конкретно.

Значи, имаме едно тврдење на официјалната власт, друго тврдење на другите што се во овој момент страна што загубила и страна која е репресирана итн.

Трета, имаме една неубедлива информација што не дава доволни ј аргументи Собранието да извлече прецизен заклучок, а тоа е констатирано и во расправата на Комисијата. Тие сознанија ги читам од таа информација.

Имаме уште една ситуација, тоа е нашето искуство од некои досегашни тврдења на официјалната власт, односно претставниците на официјалната власт каде што во повеќе конкретни случаи беа неубедливи со аргументацијата, а тоа ова Собрание не го расчисти до крај и не извлече консеквенции какви што треба освен тие што беа неубедливи. А, освен тоа имаше и производ на значајни негативности во рамките на правниот систем на РМ. Имавме еден случај кога власта неубедливо се бранеше во аферата за прислушувањето иако беше на очиглед на јавноста што се овде се кажа. Имавме друга неубедлива одбрана на власта во врска со тепањето во Ѓорче Петров. Уставниот суд ги кажа фактите во врска со тоа. Сега повторно имаме работа во која што власта нуди аргументи, а ние, поучени врз основа на сите овие претходни спомнати и наспомнати примери не можеме едноставно туку така да веруваме во тоа што ни се сервира.

Заради тоа извлекувам заклучок дека е сосема логично да се формира парламентарно тело што ќе ангажира неутрална стручна комисија за да ги утврди вистинските причини за настанатата хаварија и настанатата штета. Тој став го поддржува а тоа е добро и за оние што

V/5.-

тврдат вака и за оние што тврдат поинаку бидејќи се работи за една штета, за еден настан што го потресуваше Републиката. Уште има реперкусии и уште има да се редат некои други настани на тоа да се надоврзуваат. Мислам дека за сите страни е најдобро да се прифати тој заклучок и една неутрална комисија во која што ќе имаат сите доверба и овој парламент на стручен начин да ја утврди настанатата штета односно од кои причини е таа штета. Тоа е најдобро за сите и за парламентот и за јавноста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Спировски.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, секако сме хендикепирани во тоа што за ова прашање не е формирана комисија и да може пошироко и аргументирано да се дискутира во однос на оваа материја. Ќе укажам само на неколку работи што делуваат симптоматично.

не може а да не се прашува еден колектив кој успешно работи ако Владата ја крева цената за нас струјата за 120% да не се има ни- какво учество од вработените во однос на овие партиципации што се ставаат на целокупниот народ.

Би сакал да прашам, тука е присутен господинот Андонов, неговата оставка, неговото доаѓање - одење, доаѓање одење итн.

Едно прашаше што најповеќе ме збунува е тоа што човек кога логично размислува лебди прашањето колку ова прашање е разгледувано во Владата што сметам дека по однос на ова прашање не верувам дека учествувала целокупната Влада на РМ, во смисла на тоа кога веќе траеше штрајкот имавме еден тотално пасивен однос на Македонската Влада во смисла на тоа што истата одбиваше да разговара со штрајкувачкиот одбор, со претставници на штрајкувачкиот добро за веднаш, после откако се случи хаваријата имаме еден неверојатен ангажман на истата таа Влада.

Тоа се две различни работи, меѓутоа ми се чини дека и едната и другата смислено одат во смисла на тоа што веројатно одделни ресор ни министри ја имаат правено целокупната конструкција и начинот на кој е настаната штетата. Се работи за огромна штета и не може туку така да помине.

Нормално, овој парламент денеска не е подготвен да разговара, ќе мора да прифатиме да се формира анкетна комисија и тогаш да продолжиме да работиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, неспорно е дека последниот настан со хаваријата на косиот мост во РЕК Битола е кулминација на сите претходни настани во овој енергетски комбинат. Настани што се случуваа исклучиво со благослов на Владата во борбата за преглас.

Нормално, главен протагонист во овие, би рекол ујдурми, е потпретседателот на Владата господинот Јован Андонов. Човек кој покрај две депонирани оставки на својата функција за жал сеуште фигурира како потпретседател на оваа коалциона Влада.

Типичен болшевик со Сталинистички навики...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, видете, кој е надвор од предметот на расправа...

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Добро, барем според информациите од теренот...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зборувајте во контекстот на она што се случува таму. . ,

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

...во кој јас лично воопшто не се сомневам

V/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Сега, момент.

Во врска со информацијата поднесена од група пратеници ј сметам дека е валидна и нема ништо спорно, барем спрема мене. Во јасно оваа информација е дадено на знаење дека се работи за диверзија т.е. подметната експлозија, нормално, со благослов на гореспоменатиот господин и првиот полицаец во Македонија, господинот Фрчковски како асистент во диверзијата на РЕК Битола.

Во оваа мисла ред е господинот Јован Андонов како претставник на Владата да одговори на следните тврдења што се поставени во Информацијата и тоа, цитирам:

Како може претседател на Влада после шест дена штрајк во РЕК Битола да не знае што се случува во Комбинатот. Лично тој го изјави истото и покрајбројни полициски сили што го обезбедуваа објектот.

- Како може да не се бара отчет од министерот кој обезбеди контингент полициски сили а се случи она што не требаше да се случи. Зошто доказниот материјал што беше разлетан далеку од мостот изутрина бил такаречи брзо - брзо зближен по случката.

Уште не добиени резултати од истрагата, господинот Реган, се мисли ка господинот ...

**СТОЈАК АНДОВ:**

Ве молам, немојте, видете, луѓето си имаат законски имиња и презимиња. Ве молам немојте така.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Господине, така стои во Информацијата.

Значи, господинот Јован Андонов се потруди со веќе спремен одговор да презентира пред јавноста околу случката.

V/8.-

Како може да не се суспендирани од работа одговорни, оние кои треба прво да одговараат за хаваријата, бидејќи тој дел не беше во штрајк (се мисли на директорот на Рудникот Љупчо Танатарев сменски инженер одговорен за техничка сигурност и некоја си Благојка, така барем овде стои, наводно внука на господинот Јован Андонов, помошник директор за производство, во последен момент поставен правник за истата функција).

Како може од горенаведените да учествуваат во откривање на штетата (така барем овде стои).

Дека директорот на Електростопанство и директорот на РЕК Битола не најдоа две минути за време на штрајкот да излезат пред вработените после толку дена штрајк.

Дека пожар се предвидувал уште во 14 часот претходниот ден и дека групата задолжена за чистење била повикана под итно уште вечерта.

Затворени хидранти со вода, евакуирани работници кои го опслужуваат мостот и возилото што редовно се наоѓа под мостот. Добро што некако се предвидело, барем да нема човечки жртви. Сигурно и ова е дел од режијата.

Брзината со која се вршело дејствието, вработените се прашуваат и не можат да се изначудат каков калоричен јаглен сме поседувале а во исто време и толку експлозивен,

СЕ случи како последица од пожар, а истовремено бојата на елементите од челичната конструкција и каблите не се начнати.

Брзината со која се испорачуваат новите делови за Косиот мост вработените не можат а да не поверуваат дека со приказната "Навадин" така стои во Информацијата, а некој пак како да наслушнал дека имало готови резервни делови уште од порано некаде на Косово, од Сува Река.

V/9.-

Зошто и покрај многуте предупредувања на вработените пред штрајкот за состојбите во РЕК не се земени во предвид многу факти? Дали единствено оваа земја мора да се раководи според каприците на еден човек?

Дека на новинарите кои први дојдоа изутрина на местото грубо има беше ваден филмот од фотоапаратите само за тоа што снимале на местото на хаваријата.

Дека еден од помошниците на директорите во РЕК Шиклевски јавно тврди дека во РЕК Битола немало пожар и дека е во прашање бомба Зошто е затворено независното радио во Битола "Радио Стоп - 5" сега се води под името " 2 М" и нормално нема право да информира за настаните во Битола.

Дека 'според Законот за дополнување на Законот за енергетика ако директорот ја јавното претпријатие елеткростопанство, закон кој сами го донесоа преку ноќ,ако не се обезбеди минимум процес на работа треба да биде сменет. А, не само што не обезбеди, со обезбедување на работници од надвор се направени штети и со поставување на несоодветни работници ракувачи на багер итн.

Дека и после повеќекратни предупредувања од вработените поради недоговореното однесување на раководните за време на штрајкот, се мисли на нивниот интерен однос со оглед на настанатата ситуација за разрешување на проблемот не се земени на одговорност.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ**: (Продолжение)

И уште нешто господа, овде имаме една изјава која не е потпишана сигурно од безбедносни причини која гласи вака: "Јас работничка во РЕК - Битола, во градежно одржување изјавувам пред да се случи хаваријата ние бевме на работа трета смена. Почнавме со работа во 24,00 часот навечер, работевме низ котел Х-30. Кога очистивме слеговме во соблекувалната да се одмориме. Тогаш шефот Зоран Муловски ни рече кој сака може да си оди. После неполни 10, 00 минути се слушна силна експлозија на два пати и одеднаш почнаа да летаат парчиња од железо на сите страни. За неполни 5-6 минути падна мостот. Ние сите исплашени почнавме да бегаме према капијата и надвор од капијата. Секаде до кашијата имаше парчиња од железо. Другиот ден сабајле во 7,00 часот се беше исчистено, додека чистевме имаше работници од Маврово и Пелистер. А директорот Стојко Мојанчевски шеташе меѓу работниците и викаше: "Ајде сега што чекате штрајкувајте и барајте пари". Другиот ден сабајле не врати од работа и оттогаш имам решение за одмор, а сега и за принуден одмор од 6 месеци".

Еве господо, од материјалот кој го презентираа 22 пратеника,сметам дека овие информации се валидни и дека одговорноста треба да падне директно на товар на Владата, тоа е нормално, на чело со првиот човек господинот Бранко Црвенковски и неговиот заменик господинот Јован Андонов.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, мислам дека непримерно би било ова Собрание уште да расправа околу причините за штрајкот затоа што секој вработен во оваа македонска држава има право да се одржува во

интересни организации, во овој случај синдикат и на некој начин за тие свои права да организира и штрајк. Меѓутоа, нормално за тоа што таа хаварија се случи во еден капитален објект, би рекол за Република Македонија, нормално ова Собрание и ние како пратеници, односно претставници на граѓаните би требало да бидеме загрижени за таа хаварија, односно за причините на таа хаварија и нормално на некој начин јавноста да ги дознае вистинските причини за хаваријата.

Овде ни се понудени две информации, едната информација е од Владата многу штура и една пообемна од Штрајкувачкиот одбор. Меѓутоа кај мене постои една дилема, а таа е дека и други настани докрај не беа разјаснети, па затоа моето мислење се совпаѓа со мислењето на одредени пратеници и со Комисијата за стопанство за да се формира една ј повремена Анкетна комисија, согласно нашиот Устав. меѓутоа, би предложил меѓу задолженијата на таа анкетна комисија, која биде составена од претставници на сите политички партии во овој македонски парламент, таа Анкетна комисија да обезбеди стручни лица и тоа од Машинскиот факултет, имаме таму добри стручњаци, потоа од Електротехничкиот факултет, стручњаци за елекстроинсталации и нормално, од областа на пиротехниката, односно стручњаци за пожари и за експлозии, односно експлозивни средства. На тој начин ова работно тело, екипирано со вакви стручњаци, како што предложи госпоѓата Марковска во рок од 30 дена би требало на јавноста, односно претходно на ова  Собрание да и понуди сите сознанија до кој ќе дојде, за да нема по- натаму недоразбирања, односно да се шират разни гласини во јавноста.

Ние сме свесни и во средствата за јавно информирање тоа од хаваријата наваму се прават разни претпоставки, меѓу кои дека новиот кос мост,односно конструкцијата за новиот кос мост е направена 15 дена пред хаваријата, па дека таква експлозија која што се слушнала јас

незнам меѓутоа сум информиран од средствата за јавно информирање такви една или две експлозии кој што се случиле дека не можат да се случат од самозапалување на јагленовата прашина која што се транспортира до тој кос мост итн. итн. Значи, за да нема недоразбирање, за да нема двојности во ова Собрание пред јавноста, а во интерес на сите граѓани на Република Македонија, затоа што тој капитален објект еве сега се наближува зима, сигурно има и политички импликации, ако уште една таква хаварија се случи , да не даде Господ, а ни доаѓа зимата, тогаш многу наши граѓани ќе не може да се затоплуваат ќе не може да користат електрична енергија и т.н. Значи се работи за еден капитален објект, еден од најскапите објекти што ги поседува оваа македонска држава. Затоа го поддржувам предлогот ќе повторам," од Комисијата за стопанство и верувам дека тука нема да има спротивставувања од ниту еден политички субјект во ова Собрание да се формира ова повремено работно тело, односно Анкетна комисија и во рок од 30 дена да си ја заврши работата и наодите да му ги презентира на ова Собрание, а се разбира и на јавноста.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, по којзнае кој пат повторно Информацијата, а овој пат една поцелосна информација за состојбите во РЕК, а јас бидејќи сум пратеник од Битола, не можам да поминам туку така и морам да земам своја дискусија по оваа Информација. Сакам да истакнам дека штрајкот во РЕК и она што се случи со несреќата во РЕК со косиот мост, на повидок во Република Македонија се изнесе уште еден непобитен аргумент, тоа е аргумент за класична поделба во

VI/4.-

Републиката, помеѓу поедини градови, како што е Скопје и во конкретниов случај Битола, и ако до вчера Република Македонија целосно ја јадеше Белград, сега повторно на македонската сцена се јавува сосем друга состојба за која слободно нашите граѓани од општина Битола истакнуваат дека место Белград сега Скопје ја игра таа иста улога. Заради ова што го истакнав и заради она што го истакнуваат нашите граѓани од општина Битола, има доста релевантни аргументи, бидете трпеливи, секој си има свое мислеше, говорницата е слободна, може овдека да ги изнесе, а јас имам причина зошто го истакнувам тоа.

РЕК - Битола е еден од нај капиталните објекти во република Македонија од Електростопанството и нормално, тој треба да биде база за основен развој во општината Битола и за нови објекти, исто така за облагодарување на околината во која што се наоѓа тој објект, а исто така и за други пропратни објекти што треба да му претходат на РЕК - Битола. Тоа е Топлификација, тоа е изградба на топли леи, изградба на други фабрики за шамотна тула, за производство на хемиски препарати, вештачко ѓубриво и да не должам понатаму, тоа е основен фундамент врз кој треба да се темели основниот развој на општината Битола. Но според сите оние согледувања, посебно на стручњаците во нашата општина стои констатацијата дека од моментот кога е направен овој објект, па до денес, а посебно со овие настани, на повидок се укажа уште еден голем јас во Република Македонија и делови од тоа политичко раководство кој на овој случај со право му дадоа политичка комотација и овој случај е чисто политички, не е никаков друг случај, се покажа на виделина дека голем дел од тие квалитетни средства како гиганти од овој објект се прелеваат некаде во Републиката, без контрола во извршната власт, а ние како Собрание имаме  полно право, бидејќи

Извршната власт треба ние да ја контролираме како Парламент, навистина треба да бидеме загрижени за тоа што се случи со РЕК.

Исто така, случајот со РЕК покажа на виделина колку во овој период на трансформација во Република Македонија, во поглед на трансформација на системот, во поглед на овој плуралистички систем се изострија односите и влијанието и улогата на одредени луѓе на одредена власт, при тоа создавајќи си економска мафија во република Македонија и одредени поединци на подрачјето на Република Македонија станаа неприкосновени без разлика на законодавната власт, без разлика на извршната власт, ги отуѓија тие центри на моќ и со право денес може да се констатира дека во Битола одреден круг на луѓе, на чело и со овие главни водачи од македонската Влада, кои беа главни носители на сите овие настани во РЕК и дури на ова што се случи во Битола, во Битола јасно станува дека тие луѓе го имаат целиот монопол во стопанството, а исто така кога веќе сме тука да укажеме и на тоа дека иако РЕК-Битола е еден од најголемите гиганти, иако треба да биде фундамент на развојот во општината Битола не може РЕК во никој случај да не може да постигне друг напредок или да ја врзе општината во една спрега за поголем развој, а наспроти тоа овие моќници, да речам што формираа Банка во Битола, како што е едно "Жито-Битола", како што е едно градежно претпријатие "Пелистер" од Битола, кои се врзани директно со Владата, тука на теренот во Битола јасно се знае каква е состојбата. Оваа состојба е чисто политичка и нема никаква друга позадина. Овие отуѓени центри на моќ доколку ние не се свестиме и како пратеници на ова извршно тело, доколку не се свестат и некои посериозни и потрезевени луѓе од Владата, мислам дека ќе не одведе во друга крајност каде што ќе ни се случуваат и случки исто како и во

другите земји, да не ја спомнуваме Бугарија и на други места. Значи сето ова што се случи со РЕК има политичка позадина и Битола е ставена на маргините на општина во Република Македонија, и ако ние повеќе пати при посетата на одредени личности во Битола, од политичкиот врв, исто така и од Владата укажуваме дека Битола не може да биде слепо црево на Македонија. Не може во овој стратешки развој, вклучувајќи го тука и РЕК да биде изземено и да претставува само приврзок на главниот град на Република Македонија.

Во тој контекст морам да потсетам и нека стручните луѓе од Македонија од овој говор нека забележат и нека увидат дека навистина стратешкиот развој на Република Македонија не се темели врз јужниот дел на Република Македонија и Битола е тотално отсечена.

Земете ја и пругата нова што треба да се гради, земете го гасоводот, земете го новиот пат север -југ, тоа е се во прилог на некоја друга политика која не е во интерес на Република Македонија, а посебно на овој дел од Битола каде што мислам и сметам и сум убеден дека голем дел од нашето население и од политичките субјекти се национално определени, а токму на таа чувствителна поента се водат овие битки во Република Македонија. Токму заради тоа одредени моќници во Република Македонија раководат со РЕК - Битола, а не тие луѓе што се поставени во права суштина да раководат со овој објект. Тие се само мали пиончиња поставени на таблата кој од далеку се раководат и ги влечат оние потези кој е." им бидат сугерирани. тоа е најопасната работа што може да ни се случи во оваа држава, оттуѓување на центри на моќ, а таквото вклучување ќе биде погубно, затоа што паралелно во државата е^ ни функционира некоја друга власт, со други интереси, не во интерес на македонската држава и македонските национални интереси.

VI/7.-

Заради тоа и заради овој случај во Битола сакале или не, господа да признаете или да признаеме, јавното мислење е сосема децидно. Битола како град, како стопанство, земете го и како електростопанство и како земјоделско стопанство тотално е оградено од цела оваа поли- тика моментално што се води во Република Македонија и со право се укажува дека дојде моментот за Битола да се поведе посебна сметка и сето она што произлегува како потенцијал и како квалитетни средства од Битола да можат повторно тука да се вложуваат и овој развој и како пограничен дел мора да заслужи големо внимание.

Исто така сакам да потенцирам , овој удар што се направи во РЕК, што ја покажа цела политичка позадина, не е само удар на луѓето кој работат во РЕК , не е само удар врз нивното достоинство, тоа не значи дека и проблемите во РЕК се решени, напротив тие повеќе ќе се зголемуваат и тоа еден ден мора јас како што претпоставувам мора да се случи многу пориторозно и многу поопасно, заради вакво вештачко санирање на состојбата. Зашто сметам дека во РЕК има доста квалитетни луѓе , доста паметни луѓе да можат да седнат на заедничка маса со Владата и со сите структури, да поразговараат, да застанат сите показатели, колку овој објект произведува електрична енергија, колку му дава на електростопанството, колку парични средства остварува во Република Македонија, колку повторно му се враќаат, реков не само за развој на општината Битола, туку за облагодарување на целата таа околина што е запуштена сега со РЕК и сите штети што ги трпи и околината и луѓето од радиоактивно зрачење и од разни болести други заради копот што е длабински. Исто така в" ја покаже на виделина и целата сериозност што во Република Македонија не е направен посебен елаборат од стручни лица да се види дали овие резултати во комбинатот се само вештачки привидно направени, само да се користи горниот слој,

квалитетниот слој на ќумурот за да се постигнат резултати и со тоа да се намали векот на траење на рудникот, а другиот по неквалитетниот ќумур да се запретува во земјата и никогаш повеќе да не може да се експлоатира. тоа треба да се направи со анализа, со стручни луѓе, и дури тогаш ние ќе можеме и како пратеници, а исто и нашата јавност да знае која е правата вистина со РЕК - Битола.

Во тој контекст сакам да напоменам дека случајот РЕК фрли уште една темна дамка врз демократијата во Република Македонија.

Пред нашите очи во Парламентот беше изменет Законот за јавните претпријатија, Законот за електроенергетиката. Ние сугериравме посебно дека не смее на ваков начин со присила, со принуда, со надгласување да се, менува законот, се со цел одредени луѓе да се елиминираат и да се има политичка доминација врз овој гигант кој влече најголем број на средства , најголем број ан авторитет кај одредени луѓе во Владата. Ние укажавме, но за жал , тоа ни се случи. И уште еднаш ја покажа не само во нашата јавност во Македонија, туку и пред светската јавност, ако има такви заинтересирани кругови, навистина, ќе се покаже правата светлина дека ние во Македонија повторно се служиме со тоталерелистички мерки, со недопуштени мерки, повторно работиме така како што во минатото работевме, затоа што незнаеме поинаку да работиме и да раководиме со луѓето, ги газиме сите човекови права, или права од работниот однос на работниците, и во тој контекст сето она што се случува со суспендирање на невини работници, ако некој имаше виновници сосема нормално во толкав број на работници имаше и работници што заслужуваат да бидат казнети, меѓутоа тоа на повидок ја покажа целата наша политичка ситуација во република Македонија. Што значи демократските процеси што сакаме да ги започнеме се изострија

во најголема мера во Рударско енергетски комбинат од Битола. И бидејќи сите овие дискусии што беа во прилог да се фор- мира комисија стручна да се испитаат сите овие настани во РЕК и да сносат главните актери најголема вина и одговорност сето тоа го поддржувам, посебно дискусијата на Перо Горѓиев, како доста содржај на и на крајот заради сета оваа политичка конотација што му беше дадена на овој случај, јас ќе завршам со една изрека: "Господа пратеници рајстагот е запален, мора да се најде виновникот". Да се потрудиме сите.

VII/1.- СЈ-ВБ

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Најопасен вид тероризам од секој тероризам е државниот тероризам, зашто нема кој да го контролира наместо власта, кој во случајов го стимулира со единствена цел свртуваше на Јавното мислење на јавноста од актуелните проблеми во државата, а во функција на опстанок на неспособната власт. И, не се избираат средства за да се оствари таа цел. Оној кој од позиција на власт применува државен тероризам да ги обвинува политичките опоненти за тероризам и да им калеми афери. Но, за мене лично една од државните афери на тој државен тероризам е и случајот на РЕК Битола. Како дел од јавното претпријатие Електростопанство на Македонија чиј основач е Собранието како законодавна власт и те како мора да не интересира за сето она што се случува во сите состојби ан овој голем систем, па и конкретно за РЕК Битола, пред се по прашањето на одговорноста на носителите на јавните функции кои по еден или друг основ се вовлечени во актуелните состојби на РЕК Битола. Министерот за внатрешни работи со ангажирањето на полициски сили, потпретседателот за стопанство премиерот, јавниот окружен обвинител на Битола, директорот на Електростопанство и до сите овие имиња еден заеднички именител, се луѓе на СДСМ. Па зарем не е индикативно каде се крие зајакот. Со тоа што не излезе досега ниту еден пратеник од оваа пратеничка група се поставува констатацијата дека доаѓа време кога и сами не можат да се одбранат од
самите себеси.

Прво, чуди зошто Владата достави информација дури на 7 септември кога ова Собрание реши да работи, да почне со работа после деблокирањето кога точката е ставена на дневен ред на 66-та седница на 4 август 1993 година. Најлесно е во услови на парламентарна демократија како алиби за незадоволство на работниците во одделни

области и стопански субјекти да се манипулира пред јавноста за земешаност на одделни политички партии. Не велам дека и тоа го нема, но јасно беше дека состојбите во РЕК Битола ќе ескалираат уште со самиот предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика Кој што на предлог на оваа иста влада овој Парламент го донесе за време на почетокот на штрајкот во месец февруари о.г.

Хаваријата на косиот мост исто така се случи за време на штрајкот на 13 јули оваа година и никој не ги оспорува заслугите и успесите на претпријатиeто Искра од Куманово. камо среќа да нижат нови други претпријатија такви успеси на меѓународен конкурс. Впрочем ничија одговорност не може да се прикрие за производните успеси на некој кој се ангажирал за санирање на последиците од оваа хаварија во РЕК Битола бидејќи тоа не е ни предмет на расправа во овој парламент по однос на Информацијата која е на дневен ред.

За мене лично криминални се заклучните согледувања на Владата врз основа на наодот на работната група и како пратеник би поставил едно прашање . Што работи јавното обвинителство во Битола за разоткривање и преземање истражни дејствија во поглед на случајов кој што престанува една чиновничка служба на оваа држава која ја плаќа државата од Буџетот што го носи. Ако се следат изјавите на работниците кои што беа дадени во прилог пред пратениците во овој парламент не коси мостови туку треба да падне Владата. Меѓутоа, се поставува само прашањето до кога некој некого ќе го трпи и поднесува.

Предлагам да се прифати заклучокот кој што е поднесен од Комисијата и лично го прифаќам и ќе гласам за, Комисијата за стопанство, со една сугестија на првата наредна седница, макар и по итна постапка свикана да се формира односно предложи одлука за основање, формирање анкетна комисија која што треба да го испита случајот во насока на заклучокот на Комисијата за стопанство врз

основа на што Собранието ќе добие потполна информација за состојбите во РЕК Битола.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитувани пратеници, веројатно имаше потреба од поставување на дневен ред на оваа точка на денешнава седница, но овој Парламент и денеска ја покажа својата нерационалност од причина што се впушти во работи во кои нема потреба ниту има уставни овластувања. Сметам дека како парламент многу слух имаме за расправа по вакви прашања и губиме цели денови се со цел да кажеме дека ние како законодавна власт немаме во оваа дражва на никој друг доверба, ние сме најстручни за се и се што доаѓа од овластените органи како информација не го прифаќаме туку работите ги вртиме ан друга страна.•Незнам од сето ова кој би можел да има корист. Дали РЕК Битола или било кое друго претпријатие. Да дозволиме господа да органите во оваа држава, кои постојат легитимно, како што сме и ние да си ја завршат работата, да не прејудицираме никакви одговорности на овој или оној. Информации има и од страна на вработените и од надлежните органи, кои извршиле увид а исто така сите тие информации, пријави, суспензии и сл. работи се во надлежност на судот, јавните обвинителства, нека ја завршат работата па ќе видиме што е тоа што на крајот ќе се случи. Не можеме ние на органите кои постојат во оваа држава да не им веруваме, а да бараме граѓаните кои не избрале да веруваат во нас. Нема никаква причина да не се верува дури постојат тие органи нив ќе им веруваме. Кога ќе дојдат други на другите ќе им веруваме.

Госпоѓата Марковска кажа дека некако ја туркаме настрана нашата улога на законодавна власт, повеќе вака имаме мерак да се занимаваме со работата на извршната власт, што во најмала рака  не е коректна,

ниту е во согласност со Уставот и нашите задолженија и уставни овластувања во оваа држава.

Исто така би сакал да кажам неколку збора во врска со тоа каков развој има во одредена општина, дали е наш РЕК или е ваш н сл. ако продолжиме вака незнам дали сакаме да правиме држава или ќе правиме кантони во Републиката. Од некого е водата во Кичево, па Прилеп нема вода за пиење. Од некого е струјата во Битола па само тие ќе водат грижа за струјата и ако сакаат ќе работат, ќе даваат струја и ако сакаат нема да ни даваат. На таков начин не може повеќе да се работи во овој Парламент. Им се смачивме на луѓето расправајќи за работи за кои не сме овластени. Не е точно дека овој парламент нема други работи. Има работи да создаде услови во оваа држава за економскиот развој, да создаде законски претпоставки за нормално и еднакво стопанисување на сите стопански субјекти, а не да се расправа со денови сега. Ја видовме информацијата (реакција на некои од пратениците во салата). Господо ако сакате, јас со вас ен коментирам директно, овде има говорница повелете па кажете тоа што мислите да кажете. За тоа што ви лежат некои работи кои што не се во надлежност на ова собрание немате право да расправате.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господо пратеници, (продолжува реакцијата на некои од пратениците во салата) јас барам да бидам ислушан, ве молам,

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам за тишина, да се ислуша господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Морам да признам дека моите информации се многу оскудни многу сиромашни за оваа работа што настанала во РЕК Битола. Да бидам искрен од оваа страна повеќе дискусии на сметка на оваа другава страна

а тоа стана обратното, ова вистина што го кажувам.

На крај слушајќи ја дискусијата на уважениот професор за третиот рајх,еве ја тоа сум го запишал овде, како да комунистите го запалиле рајхот, Германија, и сега заради тоа се знае што уследи во историјата. Ве молам зборуваме за Македонија, немојте големи и мали македонци (реакција на дел од пратениците во салата)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжете господине Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Ајде, молчи ти море (му се обраќа на некој од пратениците) голем македонец си ти. ТИ си најголемиот знам. Сакам да кажам свое мислење.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам од место немојте да предизвикувате неред.

**ФАИК АБДИ:**

Ова што се случи во Битола, ако тоа се случеше во некое друго време којзнае луѓето кај ќе беа. Не во подрум, не на голи оток, на некој сув оток без вода, без јаглен, вез воздух, без ништо. Сигурно таму ќе беа. Тоа не беше лесна работа. Она на телевизија што го гледавме, а камо ли економските резултати. Таман работа ако ние пратениците овде зборуваме на економско - политички јазик и се натпреваруваме и кажуваме дека е тоа општествено - економски оправдано неоправдано, направиле тие, или таа партија или друга партија. Што сме ние, чии партии сме ние? На Македонија. Разговараме за Македонија, донесуваме закони за Македонија, за граѓаните на Македонија или што е, дали сме мафија, што сме ние овде?

VII/6.-

По се изгледа треба една исцрпна анализа, исцрпна комисија со добри стручњаци да го кажат своето. Што би правеле ние, Република Македонија кога би престанала војната во Босна и Херцеговина, кога патиштата би се отвориле, кога нашите фабрики би работеле онакак како што работеле порано во две,три,четири смени, кога потрошокот на електро- енергијата, електро -енергетскиот биланс за капацитетите и за греење и за што јас знам друго би биле далеку, далеку поголеми, а имаме само една РЕК Битола таму и хаварија и што ќе биде? Тоа е пропаст. Без електроенергија, многу зависни од странство. Незнам колку мегавати произведува и колку се капацитетите на РЕК Битола условно да речам незнам, но знам дека има Македонија голема потреба од многу илјади мегавати енергија, над 1200, незнам колку, не можам да зборувам, не можам да кажам и не сакам да кажам.

Па според тоа, овде, во нашиот парламент треба да разговарам многу отворено и да видиме што е ги добиваме граѓаните или ја добиваме Македонија. Ги одбиваме граѓаните или ја делиме Македонија или ја препуштаме Македонија на самата себеси. Што е тоа ние што правиме? Цели двеипол години се напаѓаме овде, дали во предност оваа или онаа друга партија, кој колку ја продава или ја изигрува Македонија и денеска слушаме такви зборови. Што е ова, опростете браќа Македонци, што е работава? Што сакате да правиме од оваа Македонија. Дали знаеме што значи тоа. Сакаме да бидеме полузависни, малку зависни или целосно зависни од некој друг или некој трет да го искористи тоа. Тогаш ќе бидеме мирни и тогаш ќе дигаме востанија, кога тоа востание беше најдобро итн. Што сакаме дали знаете какви последици има ова? Скоро целиот дипломатски кор што се наоѓа во Македонија има многу негативно мислење за нас, за Република Македонија тие не го кажуваат тоа. Јас имав прилика да разговарам со доста од дипломатскиот кор.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

По Информацијата господине Фаик Абди, по информацијата за РЕК Битола.

**ФАИК АБДИ:**

(МУ се обраќа на некој од пратениците)

Што е бре што правиш ти вака,голем стручњак си, полека.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам за тишина.

**ФАИК АБДИ:**

Како стопанственик кажувам дека од таа работна организација од кај сум дошол овде не сме задоволни од РЕК Битола, не може заради тоа што ги користиме капацитетите со 15,20 % даречеме дека РЕК Битола не снабдува со електроенергија. Нашите потреби се далеку, далеку поголеми и мора да мислиме на тие наши потреби. Утре ќе престанат проблемите со соседите, ќе ги ставиме во движење машините. Што ќе правиме тогаш. Дали пак ќе правиме таму некои хаварии.

Јас се согласувам да постои анкетна комисија, да се испита случајот.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувана господо, иако вие знаете дека не практикувам јас со поедини мои колеги и овде од парламентот овде уважени, не сакам никогаш ни да се конфронтирам, едноставно сакам на оваа говорница што е можно во рамките на моите можности да изнесувам аргументи и вистини и анализи за сите состојби што сум дошол јас како човек во посредство со други институции во Републиката и постручни луѓе од мене, сепак овде некој си допушта овде да зборува нешто што јас

апсолутно го засегнав како поединец ниту пак сакав да го навредам. Меѓутоа, не може овде постојано овде да ни се дели лекција од одредени исти луѓе за одредени работи во Република Македонија кога ние тоа никогаш не сме го кажале овде или како политички партии. За РЕК Битола. други кажаа дека има европски резултати, дека совршено функционира и работи, се со цел тие луѓе што го раководеа од далеку, со посредство на далечински управувач, тие тоа го измислија, тие тоа го кажуваат и ние не направивме ништо со никаков политички чекор, како политички партии, како поединци да го свртиме јавното мислење во Република Македонија или во самиот град Битола против таквите раководители во оваа држава. Напротив, тие тоа самите го направија правејќи од себе големи месии, спасители и дека само тие можат оваа држава да ја водат. На настаните вие ако се сеќавате малку, знаете каква беше состојбата. Дури овде и претседателот на Собранието господинот Стојан Андов истакна дека солидни резултати има РЕК од Битола. Најголем дел од електростопанството на Македонија има производство на електрична енергија и ако сега некој поинаку мисли, ако навистина тој произведува толку и ако навистина претворено во пари треба нешто и да се врати во тој регион. Реков, заради повеќе намени и заради развој на таа општина, а не станува збор за кантонизација или федерализација како што господата сакаа да ни направат со полно законски акти и други дејствувања на самиот терен, јас тогаш се сомневам во нивните добри желби дека навистина и мислат на оваа Република Макелонија. Никогаш не сук одел да пранам антагоаизам помеѓу народот во Македонија, меѓу граѓаните во Македонија без разлика по која основа тие се декларираат, дали политички, верски или било какви.

VII/9.-

Но очигледно е овде дека моментот во Република Македонија е таков каде што ние како парламент мора да пресечеме една работа која е негативна тенденција кај нас, тоа е мафијаштвото, стопанската мафија која зазема се поголеми и страодни размери. Веќе во Битола се зборува за три мафии и тука треба да бидеме јасни. Ако такви моќни центри ги направиме паралелно во државата правиме паралелизам, и нема крај, му нема спас, а ние сме мала држава, утре задутре ќе се отворат и нашите соседи, тогаш ќе видиме каде ќе ни биде крајот. Ние сега не сме вака организирани кога сме забарикадирани внатре како во лушпа од орев. Ќе видиме тогаш кога целосно ќе се отворат и Албанија, ќе се отвори и Грција, Бугарија и сите земји за транзит на оваа држава, ќе видиме дури тогаш како ние треба да бидеме организирани многу повеќе и со многу поквалитетни луѓе и да не правиме никогаш дека -во оваа Македонија само поединци се повикани да раководат и дека некој ништо не знае или е политички слеп и глув. Таа теза воопшто не држи. Дајте еднаш да работиме во поглед на тоа единство во Македонија и за подеднакво развој на сите региони во Република Македонија без да правиме вештачки градови, како што реков за Скопје. Скопје не трпи повеќе ниеден човек овде да се насели, а не ние да правиме космополитски град од се и сешто. Сфатете го тоа еднаш. Од една страна имаме најголем број на популација и развивање на подрачјето, а од друга немаме популација, немаме народ па имаме тотална заоставштина, неразвиеност. Тоа е парадокс на кој ние ќе го платиме и како генерација и нашите деца и внуци. Затоа треба да бидеме свесни, а не станува збор дека треба некого да го критикуваме и да го ставиме на ломача заради тоа што направил одредени чекори Секој жив човек греши, меѓутоа ако повеќе пати греши тоа значи мора да се казни и треба да се отстрани од политичкиот живот и од раководниот тим таму каде што раководи.

Благодарам.

VIII/1 ДВ/СЛ

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, не знам во кој контекст г-динот пратеник Фаик Абди ми го спомна името од говорницата, меѓутоа, морам да кажам дека секогаш ќе реагирам кога поедини дискутанти бегаат од темата која е на дневен ред, односно, често пати ќе станат 2-3 пратеници и ако нешто не оди во прилог на Владата, ак- туелнава Владата на г-динот Бранко Црвенковски, ќе станат во одбрана на таа Влада, меѓутоа, не со аргументи туку со едни провизории оние ги прават од оваа говорница, кажувајќи дека еве има војна во БиХ, тоа го знаеме, го гледаме секојдневно, нашиве средства за јавно информирање ни го сервираат дека има војна. Значи на некој начин треба на македонскиот народ да му се запрети, седете, внимавајте, оваа Влада мисли за вас вие немојте да мислите и вашиве пратеници да не мислат многу затоа што имате една Влада и ако многу сакате нешто да добиете од вашите права ќе ве снајде ова што ја снашло БиХ. Такви работи како демократ , односно, како човек што секогаш сакам да си го искажам своето мислеше, а сега како пратеник секогаш ќе го искажувам тоа свое мислење без да се плашам од било кого. Такви дискусии за мене се навредливи, пред се за ова Собрание, не за мене лично туку за ова Собрание и за целиот македонски народ, затоа што ако некој не знаел колку е инсталираната моќ на трите блока во електроенергетскиот објект во Битола, тоа е негово право да не знае, можеби не го интересира човекот. Меѓутоа, околу 630 мегавата е огромна сила и оваа Република Македонија ја задоволува некаде мислам околу 70 и нешто проценти од целокупните потреби за електрична енергија на оваа држава. А, да се спомнуваат тука илјадници, илјадници мегавати, ни се потребни тоа е апсурд. Сепак три години работев во една таква термоцентрала, тоа беше бившата

термоцентрала Маџари која беше со таква инсталирана моќ, имаше три блока, меѓутоа со 15 мегавати, па знам што значи тоа мегават ако не друго. Треба секој што дискутира од оваа говорница, ќе повторам да се држи до точката на дневен ред, а не секогаш некој ќе се најде да ми соли памет, со тоа негирајќи го пред се оној што го претставува.

Во случајов г-динот Фаик Абди со една таква дискусија на некој начин ги негира своите гласачи-ромите, затоа што како лојални граѓани тие знаат кој што зборува во ова Собрание и тие ќе си дадат оценка утре на следните избори, сигурен сум во тоа. Меѓутоа, имаме точка на дневен ред каде што јас станав и зборував по таа точка и кажав дека треба да се формира една анкетна комисија затоа што имаме информации од едната, од втората, можеби и од третата страна. Не смееме да дозволиме ние како Собрание сите и јавноста, сите работи што се случуваат во оваа наша македонска држава, Министерството за внатрешни работи е обврзано кога ќе даде информации и готово се се завршува. Имаме ние, затоа и предложив многу стручен кадар и од Машинскиот факултет и од Електро. Затоа предложив таа анкетна комисија да повика стручњаци за сите овие области што ги набројав и за заварени конструкции и за електроинсталација и за пожари, за експлозивни средства итн. и ќе дојдеме додека права информација по која информација , сигурно ако се прифати она што г-ѓата Марковска го предложи за во рок од 30 дена таа Анкетна комисија да си ја заврши работата и ќе дојдеме сигурно по нејзините заклучоци ќе расправаме на ова Собрание. Сега нема потреба да го убедуваме македонскиот народ и другите граѓани во Републиката дека, еве кога ќе почнат овие да зборуваат не знаат што  зборуваат, а ние ќе почнеме да зборуваме за

Босна или не знам што, ние знаеме што зборуваме. Такви дискусии не му се потребни на ова

Собрание ниту на оваа македонска јавност, ниту на македонската држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Фаик Абди, бара реплика.

**ФАИК АБДИ:**

Секогаш г-динот Стоиле Стојков така на некој начин ги подразбира моите искажувања пред Парламентот на Република Македонија, и пред граѓанството на РМ. Тоа зависи од неговата интелектуална и друга способност. Тоа нека му остане нему, а јас овде што говорев за ситуацијата во РМ, од она што слушнав од дискусиите и она што пишува во материјалот и на крајот реков дека се согласувам да се формира Анкетна комисија, тоа значи многу нешто. Јас кажав еден податок дека, можеби не знам колку произведува РЕК Битола, колку се нашите потреби, но јас кажав и тоа дека имаме голема потреба од електрична енергија. Кога ќе престане војната, тоа секој граѓанин мора да го знае и нека го знае, ако му е испод чест на некого овде што јас Фаик Абди го кажувам тоа, нека му е испод чест, тој треба да се срами самиот од себеси. Ако кажав дека , кога ќе престане војната нашите капацитети ќе работат, огромна ќе биде потребата од електроенергија, суровини, репроматеријали итн., ако треса цена на чинење на одреден производ да кажам што е што, ќе кажам, ако треба да кажам од вкупната цена на чинење во нашето .производство колку учествува електроенергијата и тоа ќе го кажам, затоа што го знам. Сакам да кажам дека она малку што го имаме Битола треба да го сочуваме, за да може што помалку да сме зависни со електроенергија од надвор, а да создадеме сопствена електроенергија.

Целта тоа ми беше. Сигурно меѓу редови многумина од вас тоа и народот го знае. А како господинот уважен пратеник го разбрал, тоа е негова работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза до 15,15 часот.

(по паузата седницата продолжи во 15,40 часот)

Бара реплика г-динот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Мислам беспредметно е сега да се јавува за реплика, меѓутоа, секој од нас е должен да одговори за она што , дали некој ќе го обвини или ќе го повика. Инаку јасно ми е дека г-динот Фаик Абди како вечен поддржувач на сите можни влади во последните 25 години, и во овој случај сакаше точката што беше на дневен ред на некој начин , би рекол така да ја избегне расправата, својата лична расправа, не знаејќи што да каже можеби по таа точка, односно се појави во улога на штитеник на таа влада. Меѓутоа, јас очекував од г-динот Фаик Абди да каже или како пратеник да покрене иницијатива да се види корупцијата во таа влада, па односот со неприбирање средства итн., односно социјалните случаи, поготово од припадниците на ромската националност, како што е во нашиот Устав, а не луѓето да просат таму на камен мост, а г-динот да приредува некој свечености секогаш во друго одделно тоа е негова работа. Затоа мислам дека нерподуктивно е повеќе да му се одговара на г-динот Фаик Абди. Едноставно ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да се држиме за темата.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Темата г-динот Фаик Абди ја промаши прво повикувајќи ме мене да излезам на оваа говорница, спомнувајќи ми го името, иако јас дискутирав околу темата, а не му го спомнав нему името.

Меѓутоа, што се однесува до тоа кој колкави интелектуални способности има во Собранието, јас ако се сеќавате некаде пред 20-тина дена предложив сите пратеници за интелектуалните способности, може има тестови, американски, англиски, без разлика стојат на располагање, може да се одберат тие тестови , да се провери интелектуалната способност, конкретно еве и мојата и на г-динот Фаик Абди. Ако се брза толку имаме ние лекари овде во ова Собрание па дури во нашата парламентарна група имаме лекари, дури еден два-три пати им ги лечи мозоците тука на некои пратеници, па нека се јави кај него, сигурно и неговиот мозок на некој начин ќе му го прегледа и ќе видиме кој колку интелектуално вреди.

Мислам понатаму беспредметно е, да не ве замараме околу нашите реплики меѓусебни што станаа веќе банални, г-динот Фаик Абди може слободно да излезе да ме навредува , јас повеќе нема да излегувам да реплицирам, зашто беспредметно е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам, дури и кога е реплика да внимаваме меѓу себе да не се навредуваме, да го чуваме дигнитетот како личности, па и кога спомнуваме личности надвор од оваа сала, сепак со внимание и почит. Фактите нема да бидат помалку сликовито кажани и видени ако не бидат следени со така жешки и неконтролирани изјави.

Господинот Абди бара реплика.

**ФАИК АБДИ:**

Јас ни најмалку немав намера да навредам било кого во овој Парламент. Меѓутоа, кога веќе се спомнаа некои работи околу некој свечености и просење на камени мост, тоа е резултат на сеопштото движење што настанало кај нас во последниве стои и педесет двеста или триста години, односно во последните 45 години.

Инаку јас да ја критикувам оваа Влада јас немам дос- тап до одредени податоци, а бидејќи г-динот има, секако знае што прави Владата, јас не можам да знам што прави Владата. Знам она што се дава како материјал овде. Инаку за прогресот на Ромите многу е заинтересиран г-динот, добро е да помага, гледам и порано сум му кажал еднаш, толку господ да го сака колку што ги сака Ромите, добро е така. Јас не сакам да навредам никого, нити сакам некој да ме навредува. Меѓутоа, за нашите работи сигурно кога ќе ни завршат мандатите секој ќе оди на своја работа. Јас сум работник од ф-ка Комуна. Господинот не знам што е, може некој супер директор, ќе му се поклонам, можеби ќе соработуваме заедно. Јас сум спремен со секого да разговарам надвор, меѓутоа, да ви кажам надвор ми рече сите Роми за него ќе гласале, ќе бил не знам што. Може, ништо не е чудно. За тоа дали некој треба да не лечи, нека проба да се излечи самиот.

**ТРАЈАН УЛПДЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа, ми се чини дека ние треба да работиме по дневниот ред и сите дискусии да се сведат на точката - настаните во РЕК и околу него. Ние ја проширувамe темата и за другите настани, за централизација и децентрализација на објекти, има многу што повеќе да се каже. Не треба да се зборува тука за

кантонизација и други работи, туку стриктно за ова. Ако сакате јас би ви опишал еден пример таков. Не е тоа кантонизација. Не е тоа ако се бараат некои права на надлежноста таму во организацијата. Пример со Железара. Дали тоа не е кантонизација, дали тоа не е централизација, во Демир Хисар се вади руда, се носи во Железара во Скопје, од 100 вагони, јас не знам може би се вади 1 вагон или помалку чиста руда, ја носиме таа јаловина, плаќаме пари тука да го загадиме градот Скопје, а после пак други пари да платиме, пак нема кај да ја фрламе таа јаловина, на место таа земја да остане корисна, да се затрупуваат јамите таму и без пари пак да се створа една површина. Затоа немојте да гибате во овие работи, има кога да ги расправаме овие работи, туку директно дајте да расчистиме со настанатата ситуација во РЕК. Инаку немој да го сметате така поминато и дека е завршен чин и дека се во ред ќе биде, да се наложи волјата на некого. Јас после ќе дискутирам уште повеќе за ова, само ова сакав да укажам да не се оддалечуваме од темата на РЕК, туку директно да се дискутира за настаните во РЕК.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, дозволете ми на почетокот да констатирам дека оправдано е што се расправа на овој Парламент за штрајкот и хаваријата во РЕК Битола. Мислам дека доколку РЕК Битола не беше составен дел на еден поголем електросистем, електросистем на Македонија, за него ќе расправаше само општината Битола, но бидејќи како што и тука се констатира, станува збор за дел од поголем систем, систем од посебен општествен интерес на државата, нормално е тука да се расправа.

VIII/8

Како што ни е познато ние имаме тука една информација изготвена од Владата и една посебна информација. Јас морам да кажам дека јас со најголема искреност верувам на информацијата што ја изготви Владата како легитимен претставник на државата, а до толку повеќе што информацијата што освен со констатации за причините и последиците од ова што се случи во Битола, изобилува со доста при- лози кои во голема мера или во голем степен ја осветлуваат самата појава на штрајкот и хаваријата во РЕК Битола.. Јас мислам дека ова прашање треба да се согледа од повеќе аспекти, иако веројатно можеби ќе произлезат некои заклучоци од денешната расправа, но сепак паѓа во очи една работа што тука во една прилика се јавуваат како проблем личните доходи., значи проблемите на распределбата во системот, а во друга прилика се јавува штрајкот како израз на незадоволство за состојбите во РЕК Битола. Веројатно ние можеби не ќе се задржевме подолго на самите настани во Битола ако немаше одредена коинциденција што хаваријата се случи токму ден после последната расправа, последните разговори во Владата на Република Македонија за незадоволството на работниците во овој електро објект. Но, тоа што се случи мислам се случи на 13.07. во неколку часа после полноќ, како што се истакнува во информацијата и состојбата е таа што се изнесува во самиот материјал. Меѓутоа, се поставува прашањето што поука треба да се извлече од тоа. Прво треба да се извлече поука дека штетата е огромна, некаде пресметавме со колегата Таири околу 10 милиони ДМ. Само дел од при- чинетата штета се надоместува од ЗОИЛ  Македонија, а дека сето друго останува на товар на системот Електростопанство, односно на товар на државата.

Веројатно ако станувaше збор за некој приватен објект сопственикот ќе размислуваше. Ако очекуваше дека ќе се случи тоа што се случи, значи хаваријата како поостар израз на незадоволство со состојбите од страна на работниот колектив, веројатно дека ќе се одлучеше да ги покачи личните доходи. Но, поради тоа што станува збор за државен објект, за објект од посебен интерес на државата, очигледно Владата , можеби со право не сакаше да прифати уцена. Мислам дека таквата практика мора да остане поготово кога се работи за системи под посебен општествен интерес од чие делување зависи работењето на Железара, на Тетекс - Тетово и на сите објекти во Македонија, а на крајот на краиштата зависи и обезбедувањето на потребна енергија за осветлување и за следење на РТВ и другата програма. Според тоа јас мислам дека оваа расправа повеќе треба да значи залагање и придонес на пратениците на овој дом за тоа овие појави и состојби што помалку да ги има во нашата држава, а од друга страна истовремено ќе треба да се упати или пак самиот систем електростопанство на Македонија веројатно треба да извлече поуки за одобрување и на меѓусебните односи во самиот систем, а и во односите на распределбата како не би се дошло до еден спонтан израз од ваков вид и како не би се случило тоа што на крајот на краиштата можеби случајно, но да се случи и хаварија со така тешки последици. Во таа смисла мислам дека треба да следи една препорака , или ако усвоиме документ , заклучоци освен овој вообичаен апел и до системот Електростопанство истовремено да се упатат, со оглед дека се работи за организација од посебен општествен интерес и барања и да се заклучи надлежните органи да работат на дополнителното откривање на вистинските причини на овој настан и против виновниците, било тоа да се од колективот или надвор да се преземаат соодветни мерки како не би се повториле ваквите настани во

иднина. Во спротивно ние освен со надворешниот фактор што не блокира и што ни причинува огромни последици, ние постојано ќе се раправаме и со последици огромни, од милионски суми и од сопствени , да кажам, односи не соодветни кон средствата кон трудот, на крајот на краиштата и кон она што значи држава во нашата Република.

IX/1.-ПЈ/ЉР

**ЈОВАН АНДОНОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, можеби ќе беше најпаметното да не се јавувам за збор, затоа што ја имам запознаено јавноста дека на инсионации не треба да одговарам, затоа, меѓутоа, има еден друг повод кој треба да биде како вовед во моево излагање, кој еве ме натера да искочам на говорницата. А тоа е следниот, во оваа сала тогашниот собор на здружен труд ја донесе одлуката за заведуваше на одредени мерки во РЕК Битола каде што бев поставен за претседател на времениот одбор и во оваа сала реферирав за успесите односно неуспесите што ги има времениот одбор направено по завршувањето на навремените мерки.

Мислам дека тоа се моменти на кои оние што ја знаат и ја познаваат состојбата во РЕК Битола, тогаш се трагични да ги разберат и да се секаваат на нив. Држава која купила три блока, која скапо ги платила, инвестирала не само Битола, Битола најмалку има инвестирано, туку целата РМ , се користи од 210 мг вата, 160 мга вати. Ситуација во која се изгради исклучително скап електростатски филтер за да се заштити човековата околина и работна средина беше паднат филтер чија што штета, директна штета е рамна на 5 директни штети од овој Косиот мост и филтер кој го оневозможи туку што завршената РЕК III да стартува 8 месеци.

Понатаму, доволно е да се земе од телевизијата снимка и да се види РЕК Битола во каква состојба беше и да се види сега РЕК Битола во каква состојба се наоѓа. Кал до колемна, прашина на сите страни. Врне црн дожд, врне црн снег, се троши мазут недозволено, не се користи капацитетот, се држат 12 стручњаци од Русија после една деценија, кои се плаќаат дебело и на сето тоа мораше паралелно да се работи. Времениот одбор е познато како ја заврши работата и во оваа

сала ги собра сите овации на тогашните делегати. Меѓутоа, тоа е нормално во животот како што се собираат овации, така има и плукања, така има и навреди итн. и тоа мора така да се сфати. Не е тоа битно, битно е РЕК Битола да почне да произведува за прв пат да работи, за прв пат со оптимален капацитет и РЕК Битола да и даде без ниеден динар инвестиција една термоелектрана повеќе, отколку дотогашното работење. Тоа е најбитно, а вие знаете што тоа значи повеќе 170 или 180 мегавата во снага. Кога требаше времениот одбор да си замине, нормално, тој имаше задача и да постави лица,. кои ќе продолжат да раководат со РЕК Битола. Таа не беше помала задача од онаа што ја изврши, затоа што ако тука се наоправеше некој фул, тоа значи апсолутно времената управа неа успеала и токму за тоа тогашните раководства компетентни за таа кадровска политика дозволија времениот одбор да предложи раководство кое ќе го води Комбинатот понатаму со гаранција со успех. Ние го предложивме тоа раководство, се избра од работничкиот совет и за среќа на сите македонски РЕК Битола почна да ги ниже успесите и тој за кратко време стана синоним на најдобар колектив, на најдобро претпријатие во РМ. Но, по се изгледа дека она што беше најбитно во тој Комбинат поставување на едно техничко технолошко ниво и спроведување на сите техничкотехнолошки упатства и спроведување на дисциплина, која ќе обезбеди водење на технологијата некому му сметаше. Изгледа се сакаше како и дотогаш да се оди за време на пазар, на пазар, да се спие, да не се доаѓа на работа итн. Се случи тоа што ова легално и легитимно избрано раководство по пат на штрајк да биде разрешено и колку што ми е познато и мене и вам ние овде расправавме на почетокот на февруари за овој штрајк. Ако се сеќавате тогаш јас презентирајќи ви табеларно, гантограмски резултатите на РЕК Битола ви реков дека технологијата на РЕК Битола, вложениот капитал во неа не даваат за право никому да кажува како таму треба да се работи. Имено, тоа е точно пропишано, затоа што една

мала  грешка може да доведе до голема хаварија. Имаме случаи ние каде што не се извршуваат дисциплинирано тие работи , еве и во Србија да летаат турбините преку кровот на термоелектрана. Меѓутоа не се послуша тоа и се продолжи понатаму да се штрајкува , да се заборавааат на она што значи технологија, на она што значи процес, тој штрајкачки одбор да дели работни налози како треба да се работи итн. Изгледа се заборави на опасноста од процесот и дојде до тоа еве што ни се случи. Мислам дека нема човек од Владата и било кој стручњак во неа или надвор од неа што ќе се спротивстави, напротив ќе ја поздрави вашата иницијатива за формирање на комисија. Дали таа ќе бидеа стручна или анкетна, тоа е ваша работа, ваше право. На сите ни естало до тоа да ја дознаеме вистината. Меѓутоа, од вакво настапување со интерпретација на рекла-казала, а тоа во многу односно кај многу дискутанти се виде дека тоа не е нивно, некој нешто укажувал, мислам дека не води никаде. Не води никаде, затоа што се зборува за елементарни непознавања Непознавања кои испаѓаат во ова сериозно тело смешни за оној што ја знае проблематиката. Но, сакале или не не може да се смее, мора да биде сериозен. Со оглед на тоа, дека еве се јавија доста исилуации, се поставија доста проблеми за кој што тврдам, дека тоа ее ол тотално некомпетентни луѓе, кои воопшто не знаат што може во РЕК Битола да се случи, кое горењето на микронизираната јаглена прашина ја споредуваат со горење на трака или на фарба или на т.н. мислам за тоа нема дискусија, јас во тоа нема да се впуштам, има стручни луѓе, стручни комисии кои тоа ќе го кажат. Меѓутоа, мора на некои прашања да се одговори, поготово што не сум во прашање јас, во прашање е екипата која за невидени и не чуени 18 дена успеа да го санира тој мост.

IX/4.-

Инсинуирање се сите оние кои сакаат овде Собранието да го убедат дека мостот е некаде направен во Сува река. Дека тој предвремено е направен. Дека тој е планиран, дека некој ставал динамити, минира итн. Затоа што многу тоа лесно може да се провери. Мостот го правеле работници и претпријатија од нашата Држава. Тоа се Искра Куманово, тоа е Факом, тоа е Гоце Радосавлевик, тоа е Металец од Прилеп итн., Зарем може тоа некој да го сокрие? Тоа со задоволство ќе биде презентирано од секој вработен од тие претпријатија и тогаш ќе можете вие да се погледнете или да не се погледнувате. Мислам треба јасно да ни биде на сите дека тука по однос на тоа прашање се само инсинулации и ништо друго. Некој рече како можеше тој мост одеднаш вака да никне. Навистина, чудна работа. Кога првиот мост се проектираше, конструираше, градеше, монтираше и угодуваше 11,5 месеци. Кога вториот мост истото тоа се работеше за 10,5 месеци. А сега за 18 дена . Со исклучок на проектирањето, бидејќи ние имавме проект за него, сите тие операции се завршени за 18 дена. Но, за тоа треба да се умее за тоа треба да се има искуство и недај боже некогаш друг пат да се догоди, јас ви нудам за 15 дена. Затоа што имам уште едно поголемо искуство збогатено од градбата на овој мост. Според тоа, ве молам тука се работите чисти како солза. Зошто се елементите на конструкцијата носени со Белградски камиони? Па, господо затоа што РМ не располага со такви теретни возила, поради тоа што тие мора да бидат ниски за да може да пројде опремата преку тунелите и мостовите.

Зошто се увезуваше струја од Србија а и од Бугарија? Тривијално прашање и тривијален одговор за оној што знае тоа. Мостот е поставен со хеликоптер. тврди еден пратеник. Нема врска, се размислуваше за хеликоптер, се плашевме некоја делница да не се откачи и долу да направи додатна хаварија. Според тоа, не е тоа точно дека мостот се монтирал со хеликоптер.

Понатаму, мислам дека има и други слични прашања на кои навистина, кои се од техничка природа и за кои навистина не треба овој Парламент да го мачиме. Тој не смее да се занимава со технологии и со процеси. Вие имате право она Гулистана што рече да формирате комисија, дали стручна или анкетна или каква сакате, таква комисија да ви даде вам извештај и ви стоиме на располагање целосно ако треба да одговара и ќе одговара нормално. Не да биде политички дискредитиран туку кривично има да одговара. Меѓутоа, едно треба да имате предвид дека јас кога сум отишол во Битола не сум отишол да станувам стручњак во Битола. Јас на некој начин колку толку сум бил афирмиран и за тоа веројатно ми понудиле. Јас не сум бил тогаш волшевит, затоа што на бившата партија сум бил неподобен човек. Знаете. Според тоа, не можеле и тие луѓе да бегаат од вистината дека мора одредено искуство да се користи за санација на тие настанати проблеми. Според тоа, сето ова што беше искажано го сметам како еден дел од неконструктивен маркетинг. Веројатно господа, вие сакате со мојата партија да се пресметувате преку мене,. Не е и тоа оправдано, и тоа е оправдано на крајот на краиштата секој се бори да ја освои власта. Меѓутоа, знајте дека во техниката во технологии јата нема филозофи ја. Таму има само реалност и една реалност. Вие, оние што ви ги дадоа тие податоци, тие имаа можност да испаднат и јас им го прифатив на дуел со мене на телевизија. Некој вели си седнал со КВ работници. Не, тоа се инжињери. Видовте тие ако се претставија, ако треба да се победи, ќе се зборат и лаги. Меѓутоа лагата има и краток век, господо. Ние треба без разлика на се она што вие ќе донесете овде, јас прифаќам се и инсистирам, навистина да се направи комисија за да се види тоа. Но, однапред да се искажуваат пресуди за работи кои никој ги нема докажано, бидејќи јас не

чув  овде ниту еден доказ. Можеби не ја разбирам таа работа, но се зборува овој рече, дури се прочита едно анонимно писмо од некој си таму итн. Не сакам да ви се мешам воработава ве молам, не го знам ни вашиот деловник, меѓутоа, сметам дека се тоа изгубени работи и овој Парламент треба да даде поддршка на се она што значи зголемување на производството и користењето на капацитетите. Ништо понатаму не треба да го интересира. Ако некој сака да докаже дека е возможно тоа во една анархија во една недисциплина техничко технолошка нека повели и нека го докаже. Од овде на зборовите тоа ви велам дека ен се докажува. Јас се извинувам не сакам повеќе да ве замарам и не мислам повеќе ни да станувам, за збор. Мислам дека погрешив и тоа што го сторив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

г- дин Стојановски Томислав

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, повеќепати се постави прашањето дали Собранието ќе треба да расправа по оваа Информација или не. Дали има продукција од работа на Собранието или не. Дали Собранието ќе има право да врши контрола на извршната власт како законодавна власт или не. Ова се основни прашања кои се пројавуваат преку дискусија на секој од пратениците кои излегоа. Ниту едно прашање не е спорно. Се е во полза на Собранието, да. Собранието како законодавно тело има право да врши контрола над работата на извршната власт, затоа што во Собранието Владата има своја позиција, односно опозиција,. Дали некој Владата ќе ја подржува или не. За спроведување на законитоста и извршување на законите во секоја држава, па сега и во оваа сега наша извршната власт спаѓа овде. Кога Владата има власт, таа има и одговорност.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (Продолжение)

Аналогно на тоа оваа информација денеска ние расправаме за одговорност на Владата за одреден сегмент што се случил во животот на државата. Тоа е се случила хаварија во еден основен стопански објект што има основно значење и темелно значење за државата.

Се јавив овде и по друг основ. Сум потписник на барањето таква информација да се разгледа од група на граѓани откако дојде такво барање, јас го прочитав, онака како материјал дали ќе може да оди на Собрание. По мое сознание стекнав уверување дека Владата како извршна власт ќе дојде што и сега и потпретседателот на Владата сака^и да не увери дека само он што говори тоа е вистината и некој од неговата партија, дека само што кажува ние треба да слушаме ќе ни даде податок со кој навистина ние ќе слушаме.

Имаме, значи два дела. Една иницијатива, другиот дел е власта, извршна власт на која ова Собрание може да врши контрола, што и не е во состојба да го тоа чини на граѓаните кога сакаат тие свои права да остваруваат. Дали тоа ќе биде преку извршната власт, дали преку судската, дали преку собраниската односно законодавната власт.

Кога реков дека ќе добиеме од Владата сознание, господа, јас фактолошките елементи околу одвивање на денот кога требал да започне штрајкот во РЕК Битола и денот кога настапил паѓањето на косиот мост го сметам во извештајот на Владата како факти што се одвивале на релација Влада - штрајкачки одбор, Влада- законитост на работа во органите на управување и на раководење во РЕК Битола. Сега настанува прашање, за нас е интересно овде да ја видиме причината,

последицата и одговорноста за паѓањето на мостот. Што не доведува до ова? Прво, говори од почеток дека наводно, некаде во втори месец, што е и точно, не наводно постоел еден штрајк. Владата одговори со интервенција пред ова Собрание за измена на Законот за енергетика, да се измени, да се воведе забрана за штрајк, се обезбеди на Владата другиот дел да ако некој се одлучи за штрајк да може Владата да интервенира со полиција. Во вториот таканаречен штрајк како во Владата е така- наречен од 5 јули до 12 Владата учествува со неспорни, како кажаа на телевизија, овде во извештајот го нема, со 850 полицајци. Значи, обезбедивме што? Обезбедивме Закон за забрана на штрајк а закон за право за интервенција на полиција.

Што обезбеди полицијата? На ден 12, односно помеѓу 12 и 13 сабајлето да се констатира дека косиот мост, кога полици- јата имала апсолутна контрола над работата над РЕК да падне мостот.

Покрај таа фактологија јас сега одам на вториот дел, на прилозите што ги дава Владата, а тоа е давање мислење на вештото лице, дипломиран физичар г-дин Ушлинковски ли е, кај мене е Мирослав, нека опрости ако сум грешка кај името, нечитко е, меѓутоа, едно од тие имиња е точно. Овој вештак, господа пратеници, почнува со истата технологија на работење како и Владата, да даде визија на видување како почнувале некои штрајкови, како се завршувале. Меѓутоа, најбитно, овој вештак кога сакал да не убеди преку Владата и нас Собранието, испуштил основен елемент во секој мерни единици, а тоа е времето.

Господинот прави некој подложен пламен, прави ужарени почви, прави ужарени настани, меѓутоа никаде не кажува колку му треба време една физичка реакција да земе замав и да дојде до создавање пожар,

каков тој на крај го заклучува како последица за паѓање на мостот.

Да е тоа така, ако друго не е, на страна втора, ова се негови заклучоци, јас кажувам дека Владата ако сакала да ни даде одговор ќе барала вештак кој ќе кореспондира со физика, а не со претпоставки, затоа што на него наодот посебно мислењето укажува своето мислење на крај завршува, прочитајте го е претпоставка Вештак не може да има претпоставка. Тој има тврдење. Има наод. Наодот е тврдење а мислењето е последица од наука.

Што прави? Создава и вметнува на косиот мост двајца наемни работници за тие 2 часа и говори, вели со старот почнува негде во 0,2 часот до 2,55 се завршува цела работа. Дошол ќумурот до стартниот основ на мостот, да оди во печките, се транспортирал и во 2,55 завршила целата филозофија. Тие двајца се договориле едниот да појадува а другиот да оди да спие, да се состанат откако едниот ќе појадува да го чистат. Од текстот што констатира овој вештак?

Вели, според негово кажување, во тој момент почнал да чисти, а тоа е времето кога помеѓу 2,55 и 3,10. Кога овој човек , кога овој човек јадел, не го викал, а почнал да го гасне пожарот. Пожарот кај го приметува, во почетокот на косиот мост.

Зошто сега кажувам дека овој господин вештак го немал основното мерило - времето? Ако говори дека настанува поради ужарена маса да се запалиле честичките, овде и заменикот, го грешив, Андонов говореше за палење, непознавање на технологија. Што прави вештакот? Видува пламен, не кажува колку е мостот од почеток до горе долг, со која брзина се развива огнот, со која брзина оди огинот, со која брзина доаѓа?

Вие, господине потпретседателе, можете да се смеете, само за жал треба да плачете, затоа што вие....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте да се обраќате, немојте, вие зборувате во Парламентот. Ве молам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Оваа работа ваше е, што, првата ваша изјава е последица и основ на овој надо. Вие кажавте дека сте запалиле честички од нкан јаглен. Не направивте време колку требало тој огин ако е овде, а столбот што го држи мостот е овде, колку требало да мине и да објасните како можеше да падне вертикалниот столб без да се зафати со огин. Вертикалниот столб е паднат. Телевизиските , ако сакате за волја на вистината, дајте ги снимките први. Ќе видите дека фарбите, боите на целиот мост стоеја целосно, па и рекламните букви на оние кои ги изведувале. И тоа стоеше. А, вештакот вика дека тоа изгорело. Кај го нашол тоа да го тој направи кога врши вештачење после шест дена, а после три дена го мавате целиот материјал од подлогтата! Тоа се основите за кои треба да се говори.

И кога говорам дека вештакот немал на ум време на траење, не кореспондирал со основните работи, првиот налаз на еден лекар што е, ориентиран за време и простор. Вештакот не бил ориентиран ниту за времето ниту за просторот. Земал материјал што ги немало таму и сам констатирал, а за времето на траење, за развивање на една реакција, целосно хемиска не дел ништо.

Дека е тоа така јас само ќе потсетам на дел од неговиот налаз.

X/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам да и оставиме нешто и на Комисијата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, ако не сте заборавиле, сметам дека не сте, некои овде бараа да се говори вистина на основа на докази. Сега, кога ќе им принесеш докази, оставете за друг. Јас не знам кога тие докази ќе проработат. Овој доказ што е овде на Владата, јас како припадник на опозицијата јас го критикувам и кажувам дека овој основ за последица односно за узрок на хаваријата е чиста лага.

Кога вештакот се враќа на тоа да докаже дека ова е последица на горење, откако не нашол никаква материјална основа да утврди материјално на основа на што настанала хаваријата, самиот вака почнува:

"Заради утврдување на причината за појава на првиот пламен е извршено детално и темелно истражување во користењето, но притоа не се утврдени елементи врз основа на кои би можело истата непосредно и егзактно да биде одредена, односно не е констатирано присуство на надворешни енергетски извори. Во услови на непостоење на конкретни материјални докази кои би укажувале на директната причина за појава на пламенот извршени се истражувања со цел да се добијат сознанија кои на индиректен начин би укажале на можната причина за првиот пламен". И тогаш говори дека прашината ја ставал, земал повеќе направил 7 обиди, ја запалил на температура помеѓу 240 и 270°C. Меѓутоа, господинот вештак сам се лишил од една битна работа кога говорел кој материјал ставил таму, која беше влажноста на јагленот што се влечеше пред да биде запалено, каков бил тој јаглен, кои парчиња, колку време, колку време бил на промаја, колку останал, колку е подвоеност. Овде, таква работа нема.

И сега, како е на крај запалено? И тоа го нема. Само говори за загреана метална површина и ако некој мисли дека се задоволни со

"загреана метална површина" мора да се праша кој ја загреал и од која причина настанала таа загреаност на металната површина. Нема ни на тоа одговор. Ако некој се задоволил само со едниот дел од прашањето, дека имало таква површина кој ја создал? Во извештајот нема. Ако имало во наодот да знаете тоа немаше да се крие, тоа ќе беше ударна точка во целиот извештај и ќе се кажеше оваа површина е загрена од таа и таа причина затоа што ќе одиме по узрочниот дел да се најде.

Откако ова не се успеа, ни се даде оваа прашина, ни се фрли во очи и господинот претставник на Валдата стана да ни говори за свои успеси како таму отишол како спасител. Тоа е негов проблем. Ние сета говориме за штетна последица а не за узрок што некогаш била штетна последица и работа на минато. Не се посвети господинот Андонов да каже што му беше за задача како претставник на Влада,како претстаник токму одговорен за стопанство, да обезбеди за време на штрајкот 850 полицајци таму кога да се оствари право на штрајк никаде не се оспори дека тоа право било остварено, да се обезбеди минимум потребно производство. Никаде, ниту досега тоа е кажано, ниту го има во извештајот, ниту Владата за тоа го кажува. Затоа што се е обезбедено, за - тоа што имало се. Таму е одведен стран елемент кој сакал да направи некоја си сила во РЕК Битола, да покаже дека еве, ние сме газди тука и нема вие што да чините. А, тоа произлезе и од искажувањето на господинот Андонов, кој тврдеше дека не може тој стручен одбор, тој стручен тим тоа стручно раководство кое "по мое одење го поставивме " да дојде некој штрајкачки одбор да го разреши. Ние тоа нема да го допуштиме. Тоа се негови зборови од овде.

Е сега, мораше да одговори како дојде да падне Косиот мост. Не да се запали, како да падне. Палењето, говори вештакот нешто за нарушување на дилетацијата, меѓутоа само спомнува. А, кога нешто

само се споменува е чисто фрлање прашина во очи. Оние господа кои не го знаат значењето на терминот дилетација што значи, тоа е тектонско поместување на земјата, а овде не знам какво поместување барал (реакции од присутните во салата за ова објаснување на терминот и опомена со ѕвончето од претседателот да се смират) стручњаците од СДС богами ќе измислат и Сонце и Месечина. (Повторно реакции во салата) Не, бе измислено е. Ти сега господине Душко ќе бидеш и директор на Геодетска управа...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, не се обраќајте на поединци.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ти сега господине Душко ќе бидеш и директор на Геодетска управа како инженер геолог, па што има врска!

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие имате збор, зборувајте на Парламентот, немојте на поединци.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАОВСКИ:**

Што има врска Ништо!

Понатаму, најосновно овде господа се говори за штетна последица. Што стана штетната последица кој ја надоместува. За тоа остава да се молчи. Прилогот говори доз и останата, отворено прашање.

И уште една работа, во штетата се појавува и изгубена добивка Јас не знам тој што ќе направи хаварија да го сруши мостот, може ли да се појави пред друг да бара надомест на загубена добивка? Сигурно дека не може. Досега немаме никакво превземено дејствие, званично, односно да се тоа каже јавно до каде дојде кривичната постапка затоа што овде имаме извештај на Влада, а ќе ни беше доволно само да беше нотирано, да се каже има таква и таква работа, да се остави судската власт одвоено да ја тера својата работа. Не само да се кажува дека тие двајца еден спиел, друг јадел, поради создавање на цугот во мостот

дошло до движење на честичките и нивно палење. Ова ли е податок со кој треба да расправаме? Ако дојде оваа работа да се рас- права пред суд, што сметам дека и не може да не дојде, тогаш господа нема никој никого да повика и да го погледа во лице дали ќе се смее што вештакот погрешно вештачел или не, таму сите ќе прашуваат во што е грешката на вештачењето. Па овде имаме политичка одговорност и господинот потпретседател на Владата се плаши од политичка одговорност Нека не се плаши од политичка одговорност. Зад него е СДС па нека се плаши од кривична одговорност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господин Горѓески.

**ДУШКО ГОРГЕСКИ:**

Може би е добро што еве успеваме оваа расправа, мислам не на соодветно место и на соодветен начин ја водиме овде во парламентот да ја приведеме до крај, затоа што сметам дека ако продолжиме очигледно не само што се девалвираме со досегашните постапки, него ќе се девалвираме сосема пред македонската јавност воопшто и пред луѓето кои што гарем малку ја познаваат оваа проблематика.

Јас не сакам овде да држам лекции како некој претходници што дискутираа, меѓутоа па и не може човек да поднесе некои изјави тука и земаше за право да сме најголеми стручњаци и да објаснуваме како таа михромизирана прапзина од лигнитот може да предизвика пожар, експлозија итн. Луѓе кои што во животот не ја окусила таа прашина, која што не работеле тука се обидуваат да држат лекции.

јас ќе ви кажам од искуството на Битола (Реакција во салата) ако сакаш викни погласно, воопшто не ме навредува (опомена од претседателот со ѕвончето) да, да, (дофрлање од салата) вештото лице што вели, но ова што го слушам од господинот Стојановски навистина ме

натера да станам, инаку немав намера. Меѓутоа, да кажам едно, кога се има предвид (извици во салата) можете слободно да викате колку сакате јас воопшто не се навредувам затоа што веќе полека мораме да ја сведеме дискусијата малку и на стручен план, бидејќи објективно досега политиканства и политичка пропаганда е едно, меѓутоа мораме да се вратиме назад, да разговараме и дискутираме за еден објект од првостепено значење за Републиката и за нејзин гол опстанок.

Ако допуштиме и во него безредија, ако допуштиме во него да раководи кој како ќе му текне таму, не знам дали постои некое општество во светот и некоја држава која тоа може да го толерира и да дозволи еден таков хаос. Јас би сакал да ми одговорите.

Второ, мислам дека не треба да се објаснува на македонската Јавност како тој РЕК Битола се градеше и со какви одречувања се градеше и со каква намена се градеше и која е неговата функција и улога денеска еве во ова создавање на новата Држава Македонска која што на некој начин се декларираме сите, а со постапките мислам дека тоа не го оправдуваме. Она што се случи во Битола, имајќи го предвид дури и дел на излагањето на стопанствениците што се тука и ги слушам, мислам дека непотребно, да кажуваме оти покрај сите резултати Битола имаше покажуваше негативни финансиски ефекти. Мислам дека за тоа добар економист и луѓе стручни, стопанственици можат да си направат математика.

Меѓутоа, исто така и во тие услови и во услови кога беше , да не зборувам, кога беше ситуација кога Битола не оствaруваше ни 70-80% од своите капацитети, третманот на вработените беше на ниво коешто навистина треба да биде еден таков објект. Сега, кога дојде ситуацијата навистина и тој потпомогна и тие вработени три ипол илјади вработени кои што сметам дека делумно од нив се изманипулирани, ние ги ставивме во функција контра. Што се случи, изгубиме голем дел до производството, доведовме стопански организации да не можат да

го остварат она и во вакви услови на блокада и што не се случи досега, да не можат тоа да го остварат и да не можат да ги исполнат плановите што ги зацртаа.

XI/1/РД/ОМ

**ДУШКО ГОРГЕСКИ: (**продолжение)

Дали може тоа да се избрише и некој да кажува тука можеше некој да го минира мостот и незнам какви не инсинуации. Сега ќе ви кажам од што падна. За тоа можеме да дискутираме. Ќе ви кажам како падна. Мислам дека резултатот после принудната управа тоа навистина е факт дека дел од вработените навистина зедоа еден терк како треба да се постапува, како треба да се почитува редот и дисциплината и исполнување на капацитетите и нормите на тој гигант. Меѓутоа, некој требаше да ја постави таа принудна управа, затоа што резултатите овдека ги знаеме. Јас го повикувам повторно господинот адвокат Стојановски кој си зеде за право незнам што тука да изназборува. Меѓутоа, дали некаде во светот постои општество кое што може да дозволи такви енергетски капацитети да може секој со нив да се изигрува и секој да спроведува незнам каква политика и да руши некоја позиција, некоја власт која што е денеска, а утре можеби нема да биде. Можеме ли ние со чиста совест овдека да дискутираме дека тоа беше сосема оправдано. Дали тој Закон за енергетика и Закон за штрајк што беше спроведен во вакви капацитети не беше оправдан, би сакал навистина и Уставниот суд да се произнесе за ваквата ситуација. да се произнесе и да дозволи дали може некоја држава во светот да дозволува хаос во вакви објекти. Сега ако се вратиме назад ќе видиме дека стопати се пишува во многу информации дека во времето кога се испровицира штрајкот вработените во РЕК-Битола имаа 30% повисок личен доход од било кој во стопанството во Републиката. Чекајте, каде, што беше целта. Целта ја кажав пред малку, да не го повторувам истото. Очигледно овде

луѓето и вработените и делот внатрешните аспиранти за раководни места беа злоупотребени и нивните аспирации беа навремено насочени. Овој гигант да се руши и да се нанесат огромни катастрофални последици на оваа држава. Зарем тоа треба некој да го докажува овде. Тоа беше максимално присутно и видливо. Надворешните влијанија, и сега што се прават, зарем не ги гледаме овде. Зарем треба за тоа некој посебни аргументи да донесува.

Понатаму ако дискутираме како кажа потпретседателот мислам дека е за поздравување. Оперативци, инженери можат да проценат колку брзо тој мост може да се санира. Меѓутоа сите во Македонија кој му сакаат на ова стопанство добро беа навистина израдувани што мостот за толку време се изгради и капацитетите се пуштија во погон. Да не дискутираме зошто зедовме енергија до друго место и за тоа ќе дискутираме. И објективно ако сакаме пазарна економија и тука да видиме дали тој монопол треба во таа насока да оди до крај. Дали некој капацитети ако имаат услови да увезат енергија од надвор, не треба да увезат, или треба да бидат такви што треба та цена да ја применуваат._Ако речеме пазарно стопанство и тоа треба да го примениме. На крајот резултатите од тоа пазарно стопанство што значи пошироко пазарување, односно стопанисување.

Сега да ви кажам за што најмногу станав да дискутирам.

Јас работев во "Југохром" 25 години. Ќе ви кажам дека микронизираната лигнитна прашина е прав експлозив. Кој со тоа не работел, кој тоа не го видел, кој не осетил пожари. Јас да ви кажам дека ние во "Југохром" од минатите години додека оваа работа навистина не ја расчистиме сосема имавме огромни елеватори, или вертикални транспортери на неколку пати паѓаше комплет и огромни експлозии.

XI/3.-

Лигнитната прашина така микронизирана која се таложи, ако таа секојдневно не се чисти, ако навремено не се евакуира истата може да гори никој да не може да ја осети. Со првото дување прави експлозија комплетна во зависност на кој објект се наоѓа, так ада секое размислување и анкетна комисија ако се направи, ако се договориме било кој стручен тим ќе треба навистина да размени искуства со оние кој што навистина пателе од оваа ситуација. Станав за тоа да му кажам на Томе дека лигнитната прашина и те како може да биде експолозивна, поготова ако се обиде да се дува или ако има некоја циркулација која што значи слојот од горе кој што гори може да гори со недели, а да не се открие. Тоа да ви кажам дека е така, Да кажам дека кога тој пожар ќе почне да се шири тогаш гаснењето и евакуацијата е многу тешко, ако навреме не се открие и ако навреме не се локализира. И тоа се локализира ако не е проширен. Инаку се шири во кругови кој што ситно катче се гледа и ништо повеќе. Секое дување е страшно експолозивно. Дискутирам за лигнитна микронскна прашина која се лепи при транспортот и при транспортирање од еден систем на друг. Оттаму сметам дека земање за право да дискутираме за тоа дека е подметнато, не сакам да зборувам , мислам дека има органи кој што навистина можат да се произнесат. Мислам дека повторно враќање на РЕК -Битола и провокација на вработените во една ситуација која што ќе значи повторно немири, мислам дека тоа значи објективно не и мислиме добро на нашата држава . Јас се залагам исто така за ред, се залагам за адекватно наградување на вработените во Битола, меѓутоа се залагам и за некои норми. Се залагам и за некои резултати. И се залагам за еден однос кој што значи одговорност према оние агрегати кој што некој ни ги изградил и кој што денеска ни дал да раководиме со нив. Утре ќе видиме.

До вчера и до денеска РЕК -Битола е изграден од ова општество и од оваа држава. Таа ги плати целокупните долгови за РЕК-Битола. Според тоа, луѓето во РЕК-Битола кој што работат, со секоја чест, меѓутоа, не се единствено одговорни за тој објект и не можеме така да дискутираме. Не можеме поединци од РЕК-Битола и поединци од надвор со незнам какви политички интереси да доведеме таков агрегат кој што ќе значи комплетна дистабилизација на тоа општество. И доколку има анкетна комисија , мислам дека навистина пошироко ќе го разгледа овој проблем и на стручен план, а мислам и оној друг дел, бидејќи најверојатно ќе има докази за тоа кој ги замешал своите прсти.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој акал да дискутира, дали моето излагање го иритирало некој да дојде тука не ми дава за право да ме ова омаловажува , како што јас го сфатив. Меѓутоа, можеби неговото сваќање е такво и затоа ќе одговорам на одредени прашања кои во текот на излагањето сметам дека на некој начин ги пропуштив и ќе му одговорам на господинот дека сто пати замавна овде да ми каже дека паднал мостот и кога дојде до паѓање тој си отиде, мостот си остана меѓутоа срушен. Господа, од наодот тој јасно и гласно се знае дека првиот човек пожарот го забележал на почетокот во 3,10 часот. Се забавувал горе доле до кога дошла интервенција и мостот паднал во 3 и 35. Практично 25 минути имало време од почетокот кога тој го забележал, па до паѓањето. За паѓање за физичко нарушвуање на една челична конструкција, ќе треба да се наруши нејзиниот стабилитет, ако не друго, кажете ми кој елемент вештакот кој го дава говори за едно такво нарушување што довело мостот да падне. Нека има и еден доказ, не само да се каже дека настанал пожар. Пожарот можел да настане, меѓутоа да каже од што

паднал мостот и кој се тие елементи што пожарот ги зафатил и довел до негово срушување. Тоа е основното. кога кажувам дека вештакот некореспондирал со времето, тој морал да каже дека развојот на овој пожар му требало толку време да се запалат тие елементи од тоа својство требало толку време, да се наруши статиката на ова треба толку време. И тогаш поради пожарот паднал мостот. А овдека да се стави 25 минути од видување, не ја знам должината на мостот, а ми кажуваат како што слушам, ова не го земајте здраво за готово, дека бил над 200 метри должина. Јас не можам да сфатам на почетокот да се појави пожар, за 25 минути да изгори конструкцијата и да падне, можеби имам крива претстава, меѓутоа, наодот на вештото лице не ми дава поинакво уверување дека е поинаку. Затоа ја не знам зошто само на еден стручњак, на физичар кој нема материјали од самиот мост вршеле експерименти во лабораторија кај него, па земал таков и таков јаглен, па го палел, правел седум експерименти и седум пати го палел. Тоа не ми дава за право да мислам дека мостот паднал од тоа палење. И сега Владата, јас бев сигурен и ќе му пружев рака на заменикот, -ако станеше да каже еве господа го имате само текстуалниот дел, другиот дел со обработка таа и таа не е доставено. Меѓутоа, кон нас се обраќа велат, ова е се што имаме, тие луѓе што мислат поинаку од тоа не разбираат ништо. Дали ќе треба вака да се уверуваме. Ова е навистина Собрание. Ако мислиме за централен комитет на една партија,тогаш задоволува оваа работа. Дозволете господине претседателе уште едно. Ако сакаат господата кој го поддржуваат овој наод и мислење, извештајот на Владата како против аргумент на она што јас сум го потпишал, јас кажувам , јас го потпишав тој текст со намера проблемот да дојде пред ова Собрание, а не потпишав практично негова содржина. И во тоа е

разликата помеѓу мојот потпис и потписот на претседателот на Владата. претседателот на Владата потпишува содржина и одговорност а јас поставувам проблем. Ако сакаме да се разбереме во основата на поимот на дебатираше во едно Собрание. Господа, штом ги нема овие деруфи, јас пак ќе кажам овој мост не е паднат од палење на честичките на јагленот, затоа што самиот кажува пред доа бил исчистен.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници последните двајца дискутанти изгледа сакаат да ни одржат тука некое предавање. Тоа што се однесува на пратеникот од Тетово ни одржа еден час за четврто одделение по предметот ОТО како ќумурот гори и т.н. Мислам парламентот не е тој што треба да му докажеме дали нешто гори или не. Цела шума ни изгоре низ Македонија, па ништо не сме дискутирале.

Ме изненади фактот што самиот дискутант кој учествува во Стопанска Комора, каде учествуваат веројатно сите стопанственици во република Македонија, немаат свој став во однос во распадот на системот, т.е. на дефектот во Битола. Но да не заборавиме во својата дискусија, нон стоп дискутантот ни повторува, или држи една лекција, т.е. не е Битола овдека, не е така. Прво и прво точка на дневен ред доколку сакавме ние да видиме како гласи сигурно ќе требаше да ја види и да ја прочита како треба, можам и да го потсетам. Точката на дневен ред е настанатите состојби во РЕК-Битола предизвикани од штрајкот и хаваријата. Мислам тука траеше јасно да си дадете вие мислење од Стопанска комора, и да се пофалите дека работите 25 години таму. Ние не работиме, ние веројатно и не знаеме Стопанска комора каде е, бидејќи нас не не  покануваат како пратеници во таа иста комора. Но таа

иста Стопанска комора која ние очекувавме да ни покаже, односно да ни го покаже патот за состојбата во РЕК-Битола, не си го даде своето мислење и го ставивме само потпретседателот на министерот за стопанство. Тука веројатно е најголемиот дефект кој ги стави во заблуда сите пратеници во Собранието. И веројатно еден дел од пратениците, тоа се однесува на ПДП тотално не се заинтересирани бидејќи не спаѓа во доменот на нивниот досегашен настап во парламентот. Сигурно овдека како аргумент број еден, по мое мислење би го ставил обраќањето по повод пуштањето на мостот на сегашниот директор на Електродистрибуција , генералниот директор Коле Спасовски, кој јасно покажува дека не се работи за обична несреќа, туку се работи за една тотално планирана среќа. Доволно почитувани пратеници два три пати да го прочитате обраќањето до сите присутни на Светиот ден Илинден, ќе видите така како што кажува потпретседателот господинот Јован Андонов дека ние не сме светци. Точно сме светци. Го злоупотребивте денот Илинден, исто како што го злоупотребивте денот Петровден, го злоупотребивте и денот Илинден. Се случува на Петровден, завршува на Илинден. Затоа сите ние сме светци. Читајте го вашиот последен настап во Нова Македонија.

Јас сигурно сакам малку да се задржам и на обраќањето на господин Коле Спасовски, зашто за мене тоа е аргумент број еден не ни претставуваат стручните комисии кој што треба да работат, така наречената парламентарна комисија која треба да ја избереме тука. Сум против било каква парламентарна комисија. Може веројатно ќе бидам единствен, кој што ќе сум и ќе инсистирам да не се формираат вакви комисии. Зашто примерот покажува досега колку комисии формирал овој парламент, ниедна не ја заврши својата работа.

XI/8.-

Почнувајќи од правата комисија, да не ве потсетувам пред двеипол години, завршувајќи со последната комисија, за случајот со Тодор Петров со н т.н. Но бидејќи во самото обраќање, уште еднаш ќе потенцирам на крај завршува пред сите министри тука. Овде во случајот на предавање на косиот мост не присуствувале пратеници, тука присуствувала скоро целата Влада. таму сум го видел и министерот за култура. Јас незнам што барал таму. Ме зачуди како министерот за култура не се откажа од ваков настап на еден директор, бидејќи тука се зборува точно за една антикултура во стопанството. Тука се спомнува за некој си багабонти. Прво и прво странскиот збор бага- бонд е сосема друго на тоа што мислел. Багабонд е скитник, а нашиот граѓанин не -е скитник. Тие прво и прво се работници во РЕК-Битола. На крајот да дојде во ситуација сите тие работници што учествувале дали да ги крстиме со штрајкачки одбор и така, бидејќи Владата во своето мислење кажува така наречен штрајкачки одбор се бандити. Тука треба да се задржиме господин потпретседателе. Не е ова некаква политичка пропаганда. Тука се работи за еден комплет народ, бидејќи вие ако претставници на народот присуствувате на таа свечена прослава на светиот ден Илинден. Еден дел од народот да се наречат багабонти, тоа веројатно за мене би прреставувало друго значење, а соацијата на багабонд е едно, а бандит е сосема друго. И на крајот да завршите пред очите на сите вас што присуствувате да цитирам еден дел. На крајот сакам уште еднаш да им се заблагодарам на сите градители на косиот мост и ги молам , видете во каква демагогија дојдовме.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:** (продолжение)

Ги молам новинарите да го известат македонскиот народ и целиот свет, ве молам, што значи тоа да биде целиот свет известен, за хаваријата ли, или за успехот наш, тогаш така и кажува, за успехот. Дали со тоа, тоа е асоцијацијата,може сигурно да реагирате. Целиот свет за хаваријата, а не за успехот . Господа, ние имавме 1986 случај во светот, во оваа Европа имавме многу поголема хаварија, не направивме свеченост, да ве потсетам за Чернобил, 1986 година, а не сме правеле, и за два дена успеа да се постигне најголем успех, туку феноменален за еден таканаречен можам сега да не му го спомнам името веќе, не заслужува личноста веќе, вие што го браните толку, господине потпретседателе.

Обраќање до новинарите со молба да се обраќаат до целиот свет е тотално понижување на сите нас овде, а најмногу вие како претставници на Владата т.е. претставници на народот вие што присуствувате таму.

Да не ги спомнувам и другите страници овде што ги имам, но јас би се обраќал не со молба бидејќи молба до новинарите не е само, би се обратил до сите чесни новинари да ова обраќање на светиот ден Илинден да биде објавено во сите информативни средства. Ене од три страници, па ве молам ако некој од вас го читаше ова што е тука не личи ни 1936 ни 1938 ни 1950 година во таков говор одржан да не спомнам пред кои присутни таму. Мислам, чест ви е да уште некој застапник од стопанството да излезе и да им одржи едно предавање да ќумурот гори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега ќе прекинеме и утре ќе продолжиме во 10 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,05 часот).